# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 2 април 1980
Скопје
Број 12 Год. XXXVI

Претплатата за 1980 година изнесува 650 динари. Овој број чини 20 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**77.**

Врз основа на член 7 став 1, член 12, 30 и 57 од Законот за вино („Службен весник на СРМ" бр. 27/73), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство пропишува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА РЕОНИЗАЦИЈА НА ЛОЗАРСКИТЕ ПОДРАЧЈА, ЗА УСЛОВИТЕ НА ПРОИЗВОДСТВОТО И ПРОМЕТ НА ГРОЗЈЕ, ШИРА, ВИНО И НА ПРОИЗВОДИТЕ ОД ГРОЗЈЕ И ВИНО, ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ И ЗАШТИТА НА ГЕОГРАФСКОТО ПОТЕКЛО НА ВИНАТА И НИВНОТО ОЗНАЧУВАЊЕ ВО СР МАКЕДОНИЈА

### I. — ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник поблиску се пропишуваат: реонизацијата на лозарските подрачја, условите што мораат да се исполнуваат за производство на вино за промет по однос на опремата и стручната подготовка на работниците кои раководат со производство на вино, дозволените средства и постапки за производство на вино и други преработки од грозје и вино, видовите на вина, регистарот на производителите на вина и шира за промет, начинот на водење на евиденцијата за производство на квалитетни вина, заштитата на географското потекло на вината и ширата, оценувањето на квалитетот и количините на квалитетните и врвните вина и означувањето на вината.

### II. — ЛОЗАРСКИ ПОДРАЧЈА

**1. Поделба на реони**

Член 2

Заради заштита на географското потекло на вината, лозарските подрачја на СР Македонија се делат на три лозарски реони: Повардарски реон, Пчинско-осоговски и Пелагониско-полошки.

**2. Поделба на реоните на лозарски подреони (виногорја)**

Член 3

Лозарските реони се делат на подреони односно виногорја.

(1) — Повардарскиот реон ги опфаќа подреоните од подрачјето на општините: на град Скопје, Титов Велес, Гевгелија, Валандово, Неготино, Кавадарци, Свети Николе, Струмица, Радовиш, Штип, Пробиштип, Кочани, Виница и дел од општината Прилеп источно од селото Плетвар.

Во овој лозарски реон се утврдуваат следните виногорја: Скопско виногорје кое ги опфаќа лозарските површини на општините на град Скопје; Титоввелешко виногорје кое ги опфаќа лозарските површини на општината Титов Велес; Тиквешко виногорје кое ги опфаќа лозарските површини на општините Кавадарци и Неготино и дел од лозарските површини источно од Плетвар на општината Прилеп; Гевгелиско-валандовско виногорје, кое ги опфаќа лозарските површини на општините: Гевгелија и Валандово; Струмичко-радовишко виногорје, кое ги опфаќа лозарските површини на општините: Струмица и Радовиш; Овчеполско виногорје кое ги опфаќа лозарските површини на општините: Штип, Свети Николе и Пробиштип, и Кочанско-виничко виногорје кое ги опфаќа лозарските површини на општините Кочани и Виница.

(2) — Пчинско-осоговскиот реон ги опфаќа подреоните од подрачјата на општините: Куманово, Кратово, Крива Паланка, Берово и Делчево.

Во овој лозарски реон се утврдуваат следните виногорја: Кумановско виногорје, кое ги опфаќа лозарските површини на општината Куманово; Кратовско виногорје кое ги опфаќа лозарските површини на општините Крива Паланка и Кратово; Пијанечко виногорје кое ги опфаќа лозарските површини од општина Делчево.

(3) — Пелагониско-полошкиот реон ги опфаќа подреоните од подрачјата на општините: Прилеп (без површините на лозја источно од Плетвар), Битола, Крушево, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Дебар, Кичево, Македонски Брод, Гостивар и Тетово.

Во овој лозарски реон се утврдуваат следните виногорја: Прилепско виногорје, кое ги опфаќа лозарските површини на општините: Прилеп (без површините на лозјата источно од Плетвар), Крушево и Македонски Брод; Битолско виногорје, кое ги опфаќа лозарските површини на општините: Битола и Демир Хисар; Преспанско виногорје кое ги опфаќа лозарските површини на општина Ресен; Охридско виногорје, кое ги опфаќа лозарските површини на општините: Охрид и Струга; Кичевско виногорје, кое ги опфаќа лозарските површини на општините: Кичево и Дебар; и Тетовско виногорје, кое ги опфаќа лозарските површини на општините: Тетово и Гостивар.

**3. Сорти на виновата лоза кои смеат да се садат и одгледуваат во поодделни реони и виногорја**

Член 4

Сортите на виновата лоза (Витис винифера) кои смеат да се садат и одгледуваат се препорачани и дозволени сорти.

Препорачани сорти на виновата лоза се оние сорти од чие грозје со преработка можат да се добијат врвни, квалитетни и трпезни вина со ознака на географското потекло.

Дозволени сорти на виновата лоза се оние сорти кои во одредени виногорја посебно не се истакнуваат во производството на вина, меѓутоа не го нарушуваат нивниот квалитет, туку во одредени агроеколошки услови го дополнуваат.

Член 5

Во СР Македонија за садење на нови лозја се утврдуваат следните сорти на винова лоза по реони и виногорја.

**Сорти за бели вина**

а) Препорачани сорти се следните:

(1) Гренаж бел — во Повардарскиот реон;

(2) Жилавка — во Повардарскиот реон и во Прилепското и Кумановското виногорје;

(3) Јуни блан — во Повардарскиот реон и во Кумановското и Кочанското виногорје;

(4) Мускат отонел во Кумановско, Кратовско и Скопско виногорје;

(5) Ркацители — во Повардарскиот реон и во Кумановското виногорје;

(6) Ризлинг италијански — во Пчинско-осоговскиот и Пелагониско-полошкиот реон и во Скопското виногорје;

(7) Разлинг-рајнски во Пчинско-осоговскиот и Пелагониско-полошкиот реон;

(8) Смедеревка — во сите лозарски реони на СР Македонија;

(9) Семијон во Пчинско-осоговскиот и Пелагониско-полошкиот реон и во Скопското виногорје;

(10) Совињон — во Пчинско-осоговскиот и Пелагониско-полошкиот реон и во Скопското виногорје;

(11) Темјаника — во Тиквешко и Титоввелешко виногорје.

б) Дозволени сорти се следните:

(1) Жилавка — во Охридско, Битолско и Прилепско виногорје;

(2) Ризлинг италијански — во Титоввелешко, Тиквешко и Струмичко — Радовишко, Гевгелиско-Валандовско виногорје;

(3) Ризлинг рајнски и Совињон — во Тиквешко и Титоввелешко виногорје;

(4) Шипон — во Кумановско, Скопско, Прилепско, Битолско, Преспанско, Охридско и Тиквешко виногорје;

(5) Жупјанка — во Гевгелиско-Валандовско виногорје.

**Сорти за црни вина**

а) Препорачани сорти се следните:

(1) Вранец — во Повардарскиот реон и во Кумановското виногорје;

(2) Бургундец црн — во Пелагониско-полошкиот и Пчинско-осоговскиот реон;

(3) Гаме црн — во сите виногорја на СР Македонија;

(4) Гаме бојадисер и кабарне совињон — во сите виногорја на СР Македонија, со исклучок на виногорјата Тиквешко, Гевгелиско-Валандовско и Овчеполско;

(5) Кратошија — во Повардарскиот реон и во Кумановското виногорје;

(6) Мерло — во сите виногорја на СР Македонија со исклучок на виногорјата Тиквешко, Гевгелиско-Валандовско, Струмичко-Радовишко и Овчеполско;

(7) Прокупец — во сите лозарски реони на СР Македонија;

(8) Рефошко — во Скопско, Титовелешко, Гевгелиско-Валандовско и Тиквешко виногорје;

(9) Станушина — во Тиквешкото виногорје;

(10) Плавец мал во Скопско, Тиквешко и Титовелешко виногорје;

(11) Мускат хамбург — во Гевгелиско-Валандовско, Прилепско и Битолско виногорје;

(12) Кадарка — во Повардарскиот реон.

б) Дозволени сорти се следните:

(1) Мелник — во Струмичко-Радовишко и Тиквешко виногорје;

(2) Мерло — во Тиквешко, Гевгелиско-Валандовско, Струмичко-Радовишко и Овчеполско виногорје;

(3) Сензо и Охридско црно — во Охридско и Преспанско виногорје;

(4) Мускат хамбург — во Кумановско, Кочанско, Гевгелиско-Валандовско, Охридско, Титовелешко, Тиквешко и Струмичко-Радовишко виногорје;

(5) Пловдина — во сите лозарски реони на СР Македонија;

(6) Станушина — во Титовелешко, Овчеполско, Струмичко-Радовишко и Гевгелиско-Валандовско виногорје.

**Десертни сорти**

а) Препорачани сорти:

(1) Во сите виногорја на СР Македонија: Афус Али, Кралица на лозјата, Јулски мускат, шасла бела и црвена, мускат хамбург и кардинал;

(2) Во Повардарскиот лозарски реон: Мускат италија, султанина, београрдска бессемена и Алфонс лавале;

(3) Во Гевгелиско-Валандовско, Струмичко-Радовишко и Тиквешко виногорје: бело зимско;

(4) Во Тиквешко, Титовелешко и Овчеполско виногорје: амура;

(5) Во Тиквешко и Титовелешко виногорје: Неготински рубин.

б) Дозволени сорти — сите други десертни сорти од Витис винифера.

**4. Дозволени подлоги**

Член 6

За садење на лозја во СР Македонија се утврдуваат следните подлошки:

1. Репурстрис ди Лот;
2. Берландиери х Рипарија Телеки 8Б;
3. Берландиери х Рипарија кобер 5ББ;
4. Берландиери х Рипарија СО4;
5. Шасла х Берландиери 41Б.

Забрането е употребата на Рипариа порталис за подрачјето на СР Македонија, како подлошка за подигање на нови лозја.

## III. — УСЛОВИ ЗА ПРОИЗВОДСТВОТО НА ВИНО ЗА ПРОМЕТ ПО ОДНОС ПРОСТОРИИТЕ, ОПРЕМАТА, СТРУЧНАТА ПОДГОТОВКА НА РАКОВОДНИТЕ КАДРИ, ПОСТАПКИ, СРЕДСТВА И ДЕЈСТВИЈА ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ШИРА И ВИНА

Член 7

Производителот на вина мора да располага со посебни простории кои ќе служат само за производство на вина, и тоа:

1. За прием и преработка на грозје;
2. За вриење на клукот и ширата;
3. За нега, чување и доработка на вина, и
4. За вршење на основни анализи.

Производителот кој има производство на вина помалку од 300 хл. може приемот и преработката на грозје и производство на вино да ги врши во една просторија, ако е одвоена од другата просторија во објектот, така да е оневозможено било какво штетно влијание. Просторијата мора да ги исполнува минималните хигиенско-технички услови.

Производителот од став 2 на овој член не мора да има просторија за вршење анализи.

Член 8

Производителот на вина мора да располага со опрема за:

1. Прием и преработка на грозје;
2. Производство, доработка, нега и чување на вина;
3. Вршење на хемиски анализи за утврдување на содржината на шеќер, алкохол, екстракт, вкупни киселини, испарливи киселини и врзан и слободен сулфурдиоксид.

Одредбата од точка 3 на став 1 на овој член не се применува за производителите од член 7 став 2 на овој правилник.

Производителот на вина кој полни вино во шишиња или садови, односно полнителот на вина мора да располага со соодветни посебни простории, опрема и уреди за полнење на вина како и простории за пакување и складирање на вината во шишиња.

Член 9

Производителот на вина мора да има за раководење на производството работник со завршен земјоделски факултет од општа или лозарско-винарска насока, или дипломиран инженер по технологија или дипломиран инженер за биотехника.

Одредбата од став 1 на овој член не се применува на производителите од член 7 став 2 на овој правилник.

Член 10

Производителите на вина со заштитено географско потекло, мора покрај условите од членовите 7, 8 и 9 на овој правилник, да ги исполнуваат и посебните услови, утврдени во решението за давање на дозвола за означување на вината со заштитено географско потекло.

Член 11

Во производството, доработката и негата на виното, со вообичаени визбарско-технички постапки (гмечење, оцедување, пресување, оточување, преточување, прозрачување, доливање, сулфорисање и сл.) дозволени се и следните физички постапки и дејствија:

— филтрирање;
— центрифугирање;
— ладење и загревање на ширата;
— купажирање (типизирање) на ширата;
— бистрење;
— стабилизирање на вината со ниски температури;
— стабилизирање на вината со помош на топлина — пастеризација;
— десулфилтрирање на концентрирана шира.

Член 12

Во производството на вина е дозволена употреба само на оние средства кои при правилната употреба не се штетни за човековото здравје, а се неопходни во современата винарска технологија, и битно не го менуваат хемискиот состав на виното и не влијаат негативно на органолептичките својства на виното и кои се енолошки чисти како што се:

1. — За бистрење:
— желатин (безбоен, без мирис и вкус) во облик на листови, прашок или во воден раствор со најмала концентрација од 20%;
— енотанин во прашок, најмногу до 10 гр/хл;
— киселсол (кремична киселина), технички чиста, во воден раствор со концентрација на кремичната киселина од најмалку 15%;
— рибни меур;
— белка од јајца или чист албумин;
— обрано млеко или чист казеин;
— бентонит — технички чист;
— агар — агар во прашок или во влакна;
— поливинил — полипиролидон (PVPP) нетоплив најмногу 2,5 гр/л;
— полиамид;
— калиев фероцијанид во прашок или во кристал, технички чист;
— комбинирани бистрила во комбинации на средства кои се дозволени;
— интерни филтрирачки средства на фузориска земја, азбест, целулоза и перлит;
— каолин.

2. — За одземање на туѓ мирис, вкус или поголема боја:
— енокарбон (активен јаглен) за бели и ружица вина (не е дозволено за одземање на боја кај црните вина);

3. — За поправување на хемискиот состав на ширата и вината заради:
а) Закиселување:
— винска киселина најмногу 2,5 гр/л. а лимонска киселина најмногу до 1,0 гр/л. така да вкупната киселина, изразена како винска, не преоѓа 2,5 гр/л.
б) Откиселување:
— калциев карбонат (преципитатум);
— калиев карбонат.
в) Достигнување на просечната содржина на шеќер со:
— концентрирана шира;
— репин или трскин шеќер (сахароза).
г) Регулирања на оксидо-редуциските процеси со:
— сулфорен диоксид добиен со изгорување сулфор на азбесна пантлика;
— хемиски чист сулфор диоксид во гасовита или течна состојба;
— воден раствор на сулфуреста киселина со најмала 5% концентрација;
— аскорбинска киселина (само како делумна замена за сулфурестата киселина) најмногу до 15 мг/л;
— калиев метабисулфит (растворен во вино);
— инертни гасови: чист гасовит азот, јаглен диоксид добиен од јаглена киселина;
— аргон;
— вазеленско и парафинско масло.

4. — Стабилизација на вината со:
— чиста сорбинска киселина или со чист калиев сорбат, или најмногу до 200 мг/л сметано како сорбинска киселина;
— вино кое содржи повеќе од 50 мг/л сорбонска киселина, мора да биде означено дека е конзервирано со сорбонска киселина;
— лимонска киселина, во рамките на количините утврдени во точка 3 под а) на овој член;
— метавинска киселина до 200 мг/л (само за буталирани вина наменети за брза потрошувачка;
— гумиларабика до 300 мг/л (само после последното филтрирање на виното пред полнењето на шишињата).

5. — Поттикнување на алкохолното вриење со:
— селекциониран вински квасец;
— витамини;
— пектолички енцими.

6. — Третирање со останати средства:
— тиамин;
— сребрен хлорид (само за отстранување на сулфурводородот во виното).

Во производството на шира и вино смеат да се употребуваат само енолошки средства кои се предвидени со пропишаните исправи, ако се на пропишан начин декларирани, означени односно обележани или се на пропишан начин пакувани.

Енолошките средства мора да се држат во простории одвоени од просториите каде се произведува вино и други производи од грозје, шира и вино, а тие мора да бидат суви и зрачни и во кои не се држат предмети кои можат неповолно да влијаат на квалитетот на енолошките средства.

## IV. — ВИДОВИ НА ВИНА

Член 13

По квалитетот вината се: трпезни вина, квалитетни вина со географско потекло и врвни вина со географско потекло.

Член 14

Трпезни вина можат да бидат без географско потекло и со географско потекло.

Трпезно вино без географско потекло е вино чие потекло не се контролира.

Трпезно вино со географско потекло е вино кое потекнува од одредена поширока лозарска единица — реон, или пониска лозарска единица и има органолептички особини својствени на таа единица.

Член 15

Квалитетно вино со географско потекло е производ со контролирано потекло кое е произведено од грозје набрано и преработено во одредено виногорје или пониска лозарска единица од препорачани и дозволени сорти на винова лоза со пропишан квалитет и на кое му е утврдено својството на квалитетно вино со географско потекло од републичката комисија за оценување на вина.

Член 16

Врвно вино со географско потекло е вино кое е произведено од грозје и набрано и преработено во потесна лозарска единица (локалитет, месност, потес и положај) во одредено виногорје со особено изразени органолептички својства карактеристични за лозарската единица која е прецизно ограничена од организацијата — производител на врвното вино, и на кое му е утврдено својство на врвно вино од републичката комисија за оценување на вината.

Врвното вино мора да биде произведено и полнето во виногорјето во кој е опфатен одредениот локалитет, месност, потес, положај.

Член 17

По боја виното може да биде бело, црвено (ружица) и црно.

Бело вино е вино произведено со алкохолно вриење на ширата која е добиена непосредно по гмечењето на свежо грозје со необоен сок од препорачаните и дозволените како и привремено дозволените сорти на виновата лоза.

Црвено (ружица) вино е вино кое се добива со алкохолно вриење на клукот од препорачаните и дозволени и привремено дозволените сорти на виновата лоза во траење од 48 часа, или со алкохолно вриење на ширата од овие сорти со примена на посилно цедење на клукот.

Црно вино е вино кое се произведува со алкохолна ферментација на клукот со учество и без учество на гроздинките од препорачаните и дозволените и привремено дозволените сорти на виновата лоза со црвено сина боја на плодот.

Член 18

Според содржината на непревриениот редуковачки шеќер вината можат да бидат суви, полусуви, полу слатки и слатки;

— сувите вина, содржат најмногу 4 грама на литар непревриен редуковачки шеќер;

— полусувите вина содржат преку четири, а најмногу 12 грама на литар непревриен редуковачки шеќер;

— полуслатките вина содржат повеќе од 12 гр/лит. и најмногу до 50 гр/литар непровриен редуковачки шеќер;

— слатките вина содржат непревриен редуковачки шеќер, повеќе од 50 грама на литар.

Слатките (десертни) вина можат да бидат природно слатки вина и слатки вина од изварена шира.

Природните слатки вина се производ на алкохолно вриење на ширата или клукот од грозје на одредени сорти на виновата лоза во состојба на презреаност или во нападната состојба на грозјето од благородната мувла, без додавање на алкохол, шеќер и други туѓи материи.

Слатките вина од изварената шира се производ на алкохолното вриење на делумно концентрираната шира без додавање на алкохол и други туѓи материи.

## V. — РЕГИСТРАЦИЈА НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА ВИНО ЗА ПРОМЕТ

Член 19

Организациите на здружениот труд, другите општествени правни лица, граѓанско правните лица и граѓаните (во натамошен текст: производители на вино) кои произведуваат вино за промет, а ги исполнуваат пропишаните услови со Законот за вино и овој правилник, се запишуваат во регистарот на производителите на вино за промет (во натамошен текст: регистар на производителите на вино) кој се води кај општинскиот орган на управата надлежен за работите на земјоделството во општината на чие подрачје се наоѓа винарската визба.

Регистарот на производителите на вино се води според образецот број 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 20

Запишување во регистарот на производителите на вино и промените на запишаните податоци (во натамошен текст: запишување на производителите на вино) се врши врз основа на писмена пријава од производителот по образец број 2, и прилогот кон образец број 2, кои се составен дел на овој правилник.

## VI. — ЗАШТИТА НА ГЕОГРАФСКОТО ПОТЕКЛО НА ВИНАТА И ШИРАТА

### 1. Видови на вина со географско потекло

Член 21

Заштита на географското потекло може да добијат следните вина:

— трпезни вина со географско потекло;
— квалитетни вина со географско потекло;
— врвни вина со географско потекло.

Член 22

Ознака за трпезно вино со географско потекло се утврдува за вино произведено од грозје кое потекнува од определен лозарски реон или пониска лозарска единица.

Трпезните вина со ознака на определено географско потекло можат да се произведуваат од препорачани и дозволени сорти на виновата лоза утврдени со овој правилник (член 5 и 6).

За производство на трпезни вина со ознака на географско потекло се дозволува рандман до 70% сметано после првото преточување.

Член 23

Ознака за квалитетни вина со географско потекло се установува за вина произведени од грозје кое потекнува од определено виногорје и пониска лозарска единица.

Квалитетните вина со ознака на определено географско потекло можат да се произведуваат од препорачани и дозволени сорти на винова лоза утврдени со овој правилник (член 5 и 6).

Препорачаните сорти мора да бидат застапени во квалитетното вино со најмалку 85%.

За производство на квалитетните вина со ознака на географското потекло се дозволува рандман на виното до 65% сметано после првото преточување.

Член 24

Ознака на географско потекло на врвни вина се установува за вина произведени од грозје кое потекнува од еден или повеќе лозарски локалитети, месности и положаи во рамките на едно виногорје.

Врвните вина со ознака на географското потекло можат да се произведуваат само од препорачаните сорти на виновата лоза и без додавање на шеќер ниту во исклучително неповолни години по однос на климатски услови, болести и штетници.

За производство на врвните вина со ознака на географското потекло се дозволува рандман до 60% сметано после првото преточување.

### 2. — Одредување на квалитетот на вината со географско потекло

Член 25

Квалитетот на вината со ознака на географското потекло се утврдува врз основа на следните елементи:

а) хемиска анализа на:

— специфичната тежина 20/20°С;

— алкохолот (г/л и вол.%);

— вкупниот сув екстракт без шеќер (утврден деизиметриски);

— вкупен редиковачки шеќер;

— слободните и вкупните киселини (како винска киселина);

— испарливите киселини (како оцетна киселина);

— врзаните киселини (како винска киселина);
— пепелот;
— вкупниот алкалитет на пепелот;
— 2,3 бутаниол;
— глицеролот;
— сахарозата;
— рХ и RH
— вкупната сулфуреста киселина;
— слободната сулфуреста киселина;

— останатите состојки специфични за одреден квалитет на вината;

б) Микробиолошки испитувања:

— однесувањето во термостатот, изглед на виното и талогот;

в) Испитувања на однесувањето на виното:

— на воздух;

— на студ.

г) Органолептички испитувања на бојата, бистрината и својствата на талогот, мирисот (арома и букет) и вкусот;

д) Односот на поедини состојки во виното битни за одделни вина.

**3. — Дозвола за означување на вино со заштитено географско потекло**

Член 26

Републичкиот секретар за земјоделство и шумарство определува со решение означување на вината со ознака за квалитетно вино со географско потекло за вина од член 21 на овој правилник врз основа на барањето на производителот и предлогот на одредена стручна комисија.

Член 27

Барањето на производителот од член 26 на овој правилник содржи:

— глобални географски, орографски, почвени и климатски податоци својствени за лозарското подрачје (реон, виногорје, локалитет и др.) што имаат битно влијание за производството на одреден квалитет на грозјето и виното за кои се бара дозвола за означување на географското потекло;

— за трпезни вина барањето содржи опис на лозарското подрачје и на површините под лозја во реонот или пониска лозарска единица;

— за квалитетните вина барањето содржи опис на виногорјето или пониската лозарска единица и прикажување на површините под лозја на карта размер 1 : 50.000;

— за врвни вина барањето содржи опис на границите на локалитетот, односно месноста, потесот и положајот по лозарски целини и прикажување на површините под лозја на катастарски карти;

— податоци за површините на лозја и остварените приноси за последните 3 години, сортиментскиот состав и подлогите; органолептички хемиски и други својства на грозјето и виното, опис на објектот, технички средства и уреди кои се употребуваат во производство на вино, обезбедување на суровина за преработка на вино, по сорти искажано посебно од сопствено производство и од откупот со глобален приказ на начинот на преработката на грозје во вино, бројот на стручните кадри по стручна спрема и врз основа на горните податоци искажување на специфичноста на лозарската единица.

Член 28

Ако определеното вино со заштита на географското потекло ги исполнува пропишаните квалитети со овој правилник, овластената организација за давање анализи за квалитетот на вината ќе издаде потврда за утврден квалитет на виното на определените количини, врз основа на следењето на производството на грозје и вината.

Виното од претходниот став на овој член се става во промет врз основа на потврда на утврден квалитет.

Вино со ознака на географско потекло кое во поедини години не ги исполнува условите на пропишаниот квалитет со овој правилник се става во понизок квалитет и не може да носи ознака на географското потекло што би ја носело ако ги исполнува условите.

## VII. — СОДРЖИНА И УСЛОВИ КОИ МОРА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ВИНАТА И ПРОИЗВОДИТЕ ОД ГРОЗЈЕ И ВИНО ШТО СЕ СТАВААТ ВО ПРОМЕТ

**1. Трпезни вина и квалитетни вина со географско потекло**

Член 29

Содржината на шеќерот во грозјето, клукот и ширата за производство на трпезните вина без географско потекло мора да бидат толкави да осигуруваат минимална стварна содржина на алкохол во виното за промет од 8,0 волумни % алкохол.

Член 30

Најмалата содржина на стварниот алкохол во виното при ставање во промет и во прометот, зависно од квалитетот мора да биде (во волумни %);

| Лозарски реон | Трпезно вино со заштитено геог. потекло | Квалитет. вино со зашт. географ. пот. | Врвно вино со заш. географ. потекло |
|---|---|---|---|
| Повардарски | 10,5 | 11,0 | 11,5 |
| Пчинско-осоговски | 10,0 | 10,5 | 11,0 |
| Пелагониско-полошки | 9,5 | 10,0 | 10,5 |

Член 31

Количината на стварниот алкохол може да отстапува кај вината со оригинален затворач најмногу за 0,3 волумни % од означената јачина.

Член 32

Вината при ставање во промет и во прометот не смеат да содржат повеќе од 15,0 волумни % вкупен алкохол ако за поедино вино не е поинаку одредено со решението за давање на дозвола за означување на вина со заштитено географско потекло.

По исклучок од одредбите на став 1 од овој член можат вината со ознака на географското потекло, кога не ги исполнуваат условите за производство на одредениот квалитет да се произведат и стават во промет под називот на понизок квалитет доколку се исполнети условите за производство на тој квалитет.

Член 33

Во клукот или ширата не може да се додава концентрирана шира или шеќер, во случаите предвидени со одредбите на член 9 од Законот за вина, ако природната содржина на алкохол во грозјето, клукот и ширата за производство на трпезно вино и квалитетно вино со географско потекло не обезбедува стварна минимална содржина на алкохол, и тоа:

| Реони лозарски | во волумни % Трпезно вино со заш. географ. потекло | Квалит. вино со заш. географско потекло |
|---|---|---|
| Повардарски | 9 | 10 |
| Пелагониско-полошки | 7,5 | 8,5 |
| Осоговско-пчински | 8,5 | 9,0 |

Додавање на шеќер или шира во исклучителни случаи може да се врши најмногу во количини со кои ќе се постигне содржината на алкохол од член 30 на овој правилник.

Кога грозјето односно виното не ги исполнува условите за додавање на шеќер од став 1 на овој член, производите на одреден квалитет може да се произведуваат и стават во промет под назив на понизок квалитет во колку ги исполнува условите за неговото производство.

Член 34

Вината при ставање во промет и во прометот мора да содржат екстракт без шеќер, зависно од стварната содржина на алкохол, и тоа најмалку:

| Содржина на алкохол (во волумни%) | во грамови на литар Боја на вината Бела | Ружица | Црна |
|---|---|---|---|
| 8— 9,0 | 15,0 | 16,0 | 18,0 |
| 9—10,0 | 16,0 | 16,5 | 18,5 |
| 10—11,0 | 16,5 | 17,0 | 19,0 |
| Преку 11,0 | 17,0 | 18,0 | 20,0 |

Член 35

Вината при ставање во промет и во прометот мора да ги содржат следните количини на пепел, изразен во грамови на литар, и тоа:

1. — Трпезни вина без географско потекло:

— бели 1,2

— ружица 1,4

— црни 1,6

2. — Вина со географско потекло:

| Лозарски реон | Трпезни вина бело | ружи. | црно | Квалитетни и врв. вина бело | ружи. | црно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Повардарски | 1,6 | 1,7 | 1,8 | 1,7 | 1,8 | 1,9 |
| Пелаг. полошки | 1,6 | 1,7 | 1,8 | 1,7 | 1,8 | 1,8 |
| Пчинско-осоговски | 1,6 | 1,7 | 1,8 | 1,7 | 1,8 | 1,8 |

Член 36

Виното при ставање во промет и во прометот мора да содржи:

1. вкупна киселина, изразена како винска киселина, најмалку 4,5 грама на литар и најмногу 14 грама на литар;

2. — шеќер (во грамови на литар: гр/лит);

— суво вино, до 4,0 гр/л.

— полусуво вино, од 4,0 до 12 гр/л.

— полуслатко вино, од 12 до 50 гр/л.

— слатко вино, преку 50 гр/л.

3. — Глицерин, најмалку 5,0 а најмногу 14 грама на литар;

4. — Танин (во грамови на литар: гр/л) најмногу до:

— бело вино 0,5 гр/л.

— црно вино 4,0 гр/л.

— ружица вино 1,5 гр/л.

По исклучок, кај црните вина количината на танин може да биде и поголема од 4,0 гр/л. а под услов да таа зголемена количина на taнинот не влијае негативно на органолептичките особини на вината;

5. — сулфурестата киселина, најмногу 300 милиграми на литар вкупно од тоа слободна сулфуреста киселина најмногу 30 милиграми на литар;

6. — сулфати, изразени како калиев сулфат, најмногу 2,0 грама на литар;

7. — лимонска киселина, најмногу 1,0 грама на литар;

8. — олово, најмногу 0,5 милиграма на литар;

9. — цинк, најмногу 5,0 милиграми на литар;

10. — сребро, најмногу 0,1 милиграми на литар;

11. — бакар, најмногу 1,0 милиграма на литар;

12. — кадмијум, најмногу 0,5 милиграми на литар;

13. — арсен, најмногу 0,2 милиграма на литар;

14. — актимон, најмногу 0,2 милиграма на литар;

15. — алуминиум, најмногу 50 милиграма на литар;

16. — хром, најмногу 0,1 милиграма на литар;

17. — железо, најмногу 40 кај белите, 60 кај ружица и 80 кај црните вина милиграми на литар;

18. — никел, најмногу 0,1 милиграми на литар;

19. — натриум изразен како натриев хлорид, најмногу 60 милиграма на литар;

20. — флуор, најмногу 3,0 милиграми на литар;

21. — бром (вкупен) најмногу 1,0 милиграми на литар;

22. — бор како борна киселина, најмногу 80 милиграми на литар;

23. — сорбитол, најмногу 100 милиграми на литар;

24. — хистамин, најмногу 2,0 милиграми на литар.

Вината што се ставаат во промет не можат да содржат органски бром.

Ако натриумот е својствен за одредено лозарско подрачје, со решението за давање дозвола за означување на виното со заштитеното географско потекло може да се дозволи поголема количина на натриум во виното.

Член 37

Болно вино и вино со мана е она вино кај кое е настаната таква промена на органолептичките, хемиските и физичките својства, така да тоа повеќе не е прикладно за пиење (прелом, присуство на сулфурводород, мирис на мувла, вински цвет, млечно кисело вриење или завреница, слузавост, скиснато, оксидирано и разни други мириси, талог и др.).

Скиснато вино е вино во кое испарливите киселини (изразена како оцетна киселина) по одбитокот на сулфурестата киселина и јаглен диоксидот, преоѓаат:

а) за вино (бело, ружица и црно) со содржина на алкохол до 10 волумни проценти 1,2 грама на литар;

б) за бело вино со содржина на алкохол преку 10 волумни % 1,2 грама на литар, за 10 волумни % алкохол + 0,06 грама на литар за секој понатамошен волумни % алкохол;

в) за ружица и црни вина со содржина на алкохол преку 10 волумни % — 1,4 грама на литар за 10 волумни % алкохол + 0,06 грама на литар за секој понатамошен волумни % на алкохол;

г) за специјални вина со содржина на алкохол од преку 15 волумни % — 1,5 грама на литар + 0,06 грама на литар за секој понатамошен волумни % алкохол.

Вино се смета за болно и кога количината на испарливите киселини изразени како оцетна киселина, не ги преоѓаат вредностите од став 3 на овој член, ако испарливите киселини (скиснатост) можат да се утврдат со органолептичка оценка (со вкусот).

По исклучок од одредбите на став 3 точка а), б) и в) на овој член, вината со заштитено географско потекло смеат да содржат испарливи киселини, изразени како оцетна киселина, најмногу 1 гр/лит.

Член 38

Вино се смета за болно или со мана кога содржи микроорганизми, матнотии и талог од надворешно потекло.

Ако е во виното утврдено поголемо заматување и поголема количина на талог од винско потекло (сол на винска киселина, боја и сл.), виното се смета за неисправно доработено и однегувано.

Член 39

Вината кои не содржат пропишани количини на стварен алкохол, екстракт без шеќер, вкупни киселини, глицерин, танин и пепел и други состојки не можат да се стават во промет за непосредна потрошувачка, туку можат да се користат за доработка, преработка и дестилација, зависно од тоа за која употреба ги исполнуваат условите.

Член 40

Количината на шеќер во грозјето се утврдува врз основа на податоците добиени со следење на движењето на содржината на шеќер во грозјето за време од најмалку 15 дена пред рокот одреден за берба на грозјето, а според состојбата на денот пропишан за почетокот на бербата на грозјето.

Член 41

Вината произведени од десертните сорти грозје можат под услови пропишани за производство на трпезни вина да се употребуваат за производство на трпезни вина.

Клукот и ширата кои се употребуваат за производство на вина во смисла на став 1 од овој член не смеат да се досладуваат.

Член 42

Вината кои содржат испарливи киселини изразени како оцетна киселина над дозволените количини (член 37 став 2), а најмногу до 2,0 грама на литар можат да се употребат за производство на вински дестилат и вински алкохол.

Вината кои содржат испарливи киселини изразени како оцетна киселина преку 2,0 грама на литар можат да се употребат само за производство на вински оцет и технички алкохол.

Член 43

На трпезните вина, како и на трпезните и квалитетните вина со ознака на географско потекло може да им се додава киселина односно одзема киселина, и тоа:

— во Пчинско-осоговскиот реон и Пелагониско-полошкиот реон делумно додавање и одземање на киселина;

— во Повардарскиот реон делумно додавање на киселина.

Во производството на врвни вина не смее да се врши додавање ни одземање на киселини (докиселување и откиселување).

**2. — Услови и содржина што мора да ги исполнуваат специјалните и пенливите вина**

**(1) Специјални вина**

Член 44

Специјалните вина можат да бидат: десертни, ликерски, ароматизирани и мистели.

Десертни вина — се специјални вина добиени од шира со додавање на вински алкохол. Алкохолот се додава во текот на алкохолната ферментација во количина со која се позголемува алкохолната содржина на виното со најмалку за 5% и со најмногу за 10%. Природната алкохолна содржина на изворната шира мора да изнесува најмалку 14 волумни %.

Ликерски вина — се специјалните вина добиени од шира или вина со применување на смрзнување и со употреба на потребна количина неутрален вински алкохол, вински дестилат, концентрирана шира, или мешавина на овие производи. Природната алкохолометриска содржина на исходната шира односно вино мора да изнесува најмалку 12 волумни %. Вкупната алкохолна содржина на готови производи не може да биде помала од 17,5 волумни %, а стварната не може да биде помала од 15 ниту поголема од 22 волумни %.

Ароматизирани вина — се специјални вина, чија стварна алкохолна содржина изнесува најмалку 15 волумни % и најмногу 21 волумни %, ароматизирани се со додавање на природни миризливи и горки материи во количини кои не се штетни за човечкото здравје. Во готовиот производ како вино, количината на основното вино мора да изнесува 70%.

Мистели — се специјални вина добиени од шира, чија природна алкохолометриска содржина изнесува најмалку 12 волумни проценти и чија ферментација е спречена со додавање на вински алкохол или вински дестилат во таа количина стварната алкохолометриска содржина на готовиот производ да биде најмалку 16 волумни % и најмногу 22 волумни %.

**(2) Пенливи вина**

Член 45

Пенливи вина можат да бидат: пенливи, газирани пенливи, бисер вина и газирани бисер вина.

Стварната содржина на алкохол во пенливите вина, не смее да биде помала од 11, а вкупната содржина на алкохол не смее да биде поголема од 17,5 волумни %.

Пенливите вина се трпезни или квалитетни вина, кои се одликуваат по тоа што при отворањето на шишето образуваат пена заради ослободувањето на јаглендиоксид. Јаглендиоксидот е исклучиво од ендогено потекло. Апсолутниот притисок на јаглендиоксидот мерен на температура од 20°C, мора да изнесува најмалку 3,5 атмосфери, кај шишиња од 250 мл. а за помал капацитет притисок на јаглендиоксидот може да се сведе на 3,0 атмосфери. Стварната алкохолометриска содржина на готовиот производ мора да изнесува најмалку 11 волум. %.

Газирани пенливи вина — се вина добиени од трпезни или квалитетни вина, по физичките особини се слични на пенливите вина, чии јаглендиоксид е делумно или во целост од егзогено потекло. Апсолутниот притисок на јаглендиоскидот, мерен на 20°C, мора да изнесува најмалку 3,5 атмосфери; кај шишињата од 0,250 литри и помал капацитет може притисокот да се сведе на 3,0 атмосфери. Стварната алкохолометриска содржина на готовиот производ мора да изнесува најмалку 11 волумни %.

Бисер вина (бисерни вина) — се трпезни или квалитетни вина кои содржат вишок на јаглен диоксид од ендогено потекло со апсолутен притисок кој не може да биде помал од една атмосфера, ниту поголем од 2,5 атмосфери на 20°C.

Газирани бисер вина — се трпезни или квалитетни вина, на кои им е додаден јаглендиоксид делумно или во целост. Апсолутниот притисок на јаглендиоксидот не може да биде помал од 1 атмосфера ниту поголем од 2,5 атмосфери при 20°C. Стварната алкохолометриска содржина на готовото вино не може да биде помала од 11 волумни %.

**3. — Услови кои мора да ги исполнуваат организациите на здружениот труд, што се занимаваат со производство на специјални и пенливи вина**

Член 46

Со производство на специјални и пенливи вина може да се занимаваат организациите на здружениот труд кои имаат за тоа одвоени — посебни простории во соодветна величина, технички средства и уреди потребни за производство на одредени специјални или пенливи вина и стручни работници кои ќе раководат со тоа производство.

Одредбите од член 7 став 1, член 6 став 1 и член 9 на овој правилник, соодветно ќе се применуваат и на условите за производство на специјалните и пенливите вина.

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство дава дозвола за производство на специјални и пенливи вина врз основа на барање на производителот.

Барањето за давање дозвола мора да содржи опис на производите што се предвидуваат да се произведуваат, основа на технолошките постапки за производство, суровини и други средства што ќе се употребуваат во производството, од тоа кои средства сам ќе ги произведува производителот, а кои ќе ги набавува готови, која ознака ќе носи производот, величината и видот на шишињата односно другите садови во кои производот ќе се става во промет.

Барањето од претходниот став на овој член мора да содржи и опис на просториите во кои ќе се обавува производството, опис на опремата со која се располага за тоа производство, и квалификација на стручните работници.

Во решението со кое се дозволува производство на специјални или пенливи вина се одредува кое специјално односно пенливо вино може да се произведува, кои средства и постапки може да се употребуваат во тоа производство и кои услови виното мора да ги исполнува при ставање во прометот.

**4. — Услови што мора да ги исполнуваат другите преработки и производи од грозје и вино**

**(1) Алкохолно непревриени производи од грозје**

Член 47

Алкохолно непревриени производи од грозје се:

(а) концентрирана шира;

(б) конзервирана шира;

(в) карамелизирана шира;

(г) сок од грозје;

(д) концентриран сок од грозје;

(ѓ) слатко вино (рампаш);

(е) алкохолизирана шира.

Концентрирана шира е неферментиран и некарамелизиран производ добиен со делумна дехидратација на ширата или од концентрирана шира со постапки на ладење и зварување. Таквата шира може при 20°С да има специфична тежина најмалку 1.240.

Конзервирана шира е шира од свежо грозје чија алкохолна ферментација е спречена со помош на сулфурдиоксид и други дозволени средства. Во конзервираната шира стварната содржина на алкохол е од ендогено потекло и не може да биде поголемо од 1 волум %.

Карамелизирана шира е неферментиран производ добиен со делумна дехидратација на ширата или конзервираната шира со директен оган во отворен сад. Густината на готовиот производ не може да биде помала од 1,35 г/мл.

Сок од грозје е шира од свежо грозје кој е припремен на еден од дозволените постапки за добивање на сокови и кој во неферментирана состојба се користи за исхрана како пијалок. Неговата стварна алкохолометриска содржина не изнесува повеќе од 1 волумни %.

Концентриран сок од грозје е некарамелизиран производ добиен со делумна дехидратација од сок од грозје по пат на допуштена метода, без употреба на директен оган. Неговата густина при 20°С не може да биде помала од 1.240 г/мл.

Слатко вино (рампаш) е шира од свежо грозје наменето за потрошувачка во текот на алкохолната ферментација под услов да стварната алкохолна содржина не е поголема од 5 волумни %.

**(2) Вина за доработка и преработка**

Член 48

Вина за доработка и преработка се:

(а) вина за мешање (купажирање);

(б) алкохолизирани вина за производство на други алкохолни пијалоци и вина за дестилација;

(в) вина за производство на вински оцет.

Вино за купажирање е вино кое содржи натпросечни или потпросечни одделни состојки како што се: алкохол, екстракт, боја, киселина и друго, кои служат за поправка на другите вина.

Алкохолизирано вино (вино за дестилација Брендвјан) е производ добиен исклучиво од суво вино, со додавање на неректифициран вински дестилат со јачина од најмногу 86%. Стварната алкохолометриска содржина на готовиот производ не може да биде помала од 18 волумни % ниту поголема од 24 волумни %. Содржината на испарливи киселини, изразена во оцетна киселина, не може да биде поголема од 2,4 г/л. Алкохолизираното вино служи исклучиво за дестилација.

Вино за производство на вермут и други пијалоци врз база на вино — грундвајн, е производ добиен од вина, шира, концентрирана шира и нивните мешавини со додавање на вински дестилат или вински алкохол. Готовиот производ мора да содржи најмалку 18 г/л. екстракт без шеќер, а неговата стварна алкохолометриска содржина не може да биде помала од 110 ниту поголема од 175 г/л.

Вино за производство на вински оцет е вино кое одговара на квалитетот пропишан за производство на оцет.

Вински оцет е производ кој се добива исклучиво од вина или од комињак по пат на оцетна ферментација чии титрационен ацидитет изнесува најмалку 60 г/л. изразен во оцетна киселина.

**(3) Производи на дестилација на алкохолни превриени производи од грозје**

Член 49

Производи на дестилација на алкохолните превриени производи од грозје се:

(а) ракии: комовица, лозовача, дрожденка, виновица;

(б) вински дестилат;

(в) вински алкохол (рафиниран и нерафиниран);

(г) вињак.

**а) Ракии**

Комовица е ракија произведена со дестилација на превриени комина од свежо грозје и содржи:

— стварен алкохол од 30—55 волумни %;

— екстракт до 6 грама на литар;

— вкупна киселина, како оцетна киселина од 200—1.000 милиграми за литар апсолутен алкохол;

— естери, како етил естер оцетна киселина од 1.000—5.000 милиграми на литар апсолутен алкохол;

— метилалкохол од 0,2 до 2,0 волумни % сметано во апсолутен алкохол;

— виши алкохоли од 1.400 до 5.500 милиграми на литар апсолутен алкохол;

— алдехиди од 100 до 500 милиграми на литар апсолутен алкохол;

— фурфурол до 30 милиграми на литар апсолутен алкохол;

— издашност најмала 1:1.300.

Лозовача е ракија произведена со дестилација на превриен клук на свежо грозје и содржи:

— стварен алкохол од 35 до 55 волумни %;

— екстракт до 6 грама на литар;

— вкупни киселини, изразени како оцетна киселина од 200 до 1.000 милиграми на литар апсолутен алкохол;

— естери, како етил естер оцетна киселина, од 1.000 до 5.000 милиграми на литар апсолутен алкохол;

— метил алкохол од 0,15 до 1,50 волумни % сметано на апсолутен алкохол;

— виши алкохоли од 1.500 до 5.500 милиграми на литар апсолутен алкохол;

— алдехиди, од 50 до 500 милиграми на литар на апсолутен алкохол;

— фурфурол до 30 милиграми на литар апсолутен алкохол;

— издашност најмалку 1 : 650.

Дрожденка е ракија произведена со дестилација на винскиот талог и содржи:

— стварен алкохол од 35—55 волумни %;

— екстракт до 6 грама на литар;

— вкупни киселини, изразени како оцетна киселина, од 200 до 1.000 милиграми на литар апсолутен алкохол;

— естери, како етил естер оцетна киселина, од 1.000 до 5.000 милиграми на литар апсолутен алкохол;

— метил алкохол од 0,30 до 1,20 волумни % сметано на апсолутен алкохол;

— виши алкохоли од 1.500 до 5.500 милиграми на литар апсолутен алкохол;

— алдехиди од 100 до 500 милиграми на литар апсолутен алкохол;

— фурфурол до 30 милиграми на литар апсолутен алкохол;

— издашност најмалку 1 : 500.

Виновица е ракија произведена со дестилација на вино, или од вино со додавање на вино од комина до 30%, и содржи:

— стварен алкохол од 35—55 волумни %;

— екстракт до 6 грама на литар;

— вкупни киселини, изразени како оцетна киселина, од 200 до 1.000 милиграми на литар апсолутен алкохол;

— естери, како етил естер оцетна киселина, од 800 до 3.500 милиграми на литар апсолутен алкохол;

— метил алкохол од 0,10 до 0,70 волумни %, сметано на апсолутен алкохол;

— виши алкохоли од 1.500 до 5.500 милиграми на литар апсолутен алкохол;

— алдехиди од 70 до 500 милиграми на литар апсолутен алкохол;

— фурфурол до 25 милиграми на литар апсолутен алкохол;

— издашност најмалку 1 : 500.

Вински дестилат е производ што се добива со дестилација на вино, вино од комина и вино за преработка (алкохолизирано вино) кое нема повеќе од 2 грама на литар испарливи киселини, изразени како оцетна киселина, и содржи:

— алкохол од 54—72 волумни %;

— екстракт од 0,2 до 0,5 грама на литар;

— вкупни киселини, изразени како оцетна киселина, од 50 до 1.000 милиграми на литар апсолутен алкохол;

— естери, како етил естер оцетна киселина, од 500 до 2.500 милиграми на литар сметано на апсолутен алкохол;

— метил алкохол од 0,25 волумни % сметано на апсолутен алкохол;

— виши алкохоли од 1.500 до 5.000 милиграми на литар апсолутен алкохол;

— алдехиди од 40 до 400 милиграми на литар апсолутен алкохол;

— фурфурол до 20 милиграми на литар апсолутен алкохол;

— сулфурдиоксид до 50 милиграми на литар;

— пермангантен индекс — нула;

— издашност најмалку 1 : 300.

Вински алкохол е производ добиен со дестилација на вино и други алкохолно превриени производи од грозје чија стварна содржина на алкохол изнесува најмалку 90 волумни % (рафиниран алкохол).

Нерафиниран вински алкохол е производ чија стварна содржина на алкохол е од 72 до 90 волумни %.

Вињак е производ добиен со стареење (одлежување) на винскиот дестилат во дабови буриња и содржи:

— стварен алкохол од 38—45 волумни %;

— екстракт од 1,5 до 16 грама на литар;

— вкупни киселини, како оцетна киселина, од 100 до 1.000 милиграми на литар апсолутен алкохол;

— естери, како етил естер оцетна киселина, од 500 до 3.000 милиграми на литар апсолутен алкохол;

— метил алкохол од 0,25 волумни %, сметано на апсолутен алкохол;

— виши алкохоли од 1.500 до 5.000 милиграми на литар апсолутен алкохол;

— алдехиди од 40 до 500 милиграми на литар апсолутен алкохол;

— фурфурол до 30 милиграми на литар апсолутен алкохол;

— сулфур диоксид до 25 милиграми на литар;

— пермангантен индекс од 3,0 до 24;

— издашност најмалку 1 : 400.

Член 50

Заради подобрување на квалитетот, вкусот, мирисот, екстрактот и бојата и за смалување на алкохолот на вињакот може во текот на производството (стареење на винскиот дестилат) да му се додаваат материи, и тоа:

— дестилирана или омекната вода (за смалување на содржината на алкохол);

— сахароза (за зголемување на екстрактот) до 10 грама на литар;

— карамел (за позголемување на бојата) до 1 грам на литар;

— течности (мацерати) и подобрувачи произведени од плодови, стеблики, корења и други делови од растенија излужени во винскиот дестилат или во винскиот алкохол.

На ракиите може да се додаваат стеблики, корени и други делови од растенија и нивните течности (мацерати) произведени во таа ракија.

Подобрувачите од став 1, алинеја 4 и став 2 на овој член не смеат да бидат штетни за човечкото здравје.

Член 51

Производите на дестилацијата на алкохолно превриените производи од грозје мора да бидат со соодветна бистрина, безбојност или соодветна боја, мирис и вкус својствен за односниот вид на производ.

Производите од став 1 на овој член смеат да содржат во еден волумен литар, најмногу:

— 10 милиграми вкупно железо и бакар,

— 0,5 милиграми цинк,

— 0,5 милиграми олово,

— 5 милиграми калај,

— 30 милиграми цијанодична киселина.

**5. — Споредни производи во преработката на грозје и во производството на вина**

Член 52

Споредни производи во преработката на грозје и во производството на вина се:

а) комина,

б) вино од комина,

в) вински талог,

г) вински камен,

д) гроздови семенки.

Комина е остаток од цврстите делови после извршеното оцедување на клукот пред вриење (непровриена комина) кој содржи на 100 килограми до 5,5 литри чист алкохол и со најмалку 40% суви материи.

Вино од комина (ПИКе) е алкохолно превриен производ добиен со измивање на непревриена комина со вода како и производ добиен со измивање на превриената комина со вода.

Вински талог е производ кој останува во садот после преточување на виното и содржи на 100 килограми до 10 литри чист алкохол и до 20% суви материи.

Вински камен е наталожена сол на винската киселина и други нетопиви состојки на вината кои настануваат во зидовите на винските садови во вид на кристали или во прашина во време на вриењето на ширата и чување на вината.

Гроздови семенки се производ добиен со одвојување на семенките од комината. Гроздовите семенки содржат танински материи од 2—4%.

**6. — Посебни услови за ставање во промет на одделни производи од грозје и вино**

Член 53

Шира, вино и други производи од грозје, како и производите од вина кои се стават во промет заради продолжување постапките на производството,доработката, негата или полнењето на шишиња, како шира, вино и други производи од грозје како и производите од вина кои во текот на производството се преместуваат од еден објект во друг, мора во исправата која ги следи во прометот да ги задржуваат сите ознаки како и кога се во постапка на производство.

Ширата може да се стави во промет за широка потрошувачка во стаклени садови до 60 литри, без оригинален затворач, само ако е произведена од бербата на дотичната година, или најдоцна до 1 ноември во тековната година.

Ширата не може во прометот да носи ознака на географско потекло.

Член 54

Специјално вино може да се става во промет за непосредна човечка потрошувачка во стаклени шишиња до 5 литри волумни и со оригинален затворач.

Пенливо вино може да се става во промет за непосредна човечка потрошувачка во стаклени шишиња и со оригинален затворач (чеп) од плута, експандирана плутовина или пластика.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, пенливото вино означено како квалитетно

вино со ознака на географско потекло може да се стави во промет само во стаклени шишиња од 0,7 до 1 литар волумен и со оригинален затворач (чеп) од квалитетна плута.

Член 55

Шишињата за пенливите вина мора да бидат од соодветен квалитет и дебелина на стаклото така да поднесуваат притисок од најмалку 8 атмосфери.

Член 56

Слики, цртежи, изрази, зборови и други знакови употребени за означување на вината и другите производи од грозје и вино, или оние наведени во исправите што го следат производот мора да се темелат на соодветните исправи, со кои се утврдува својството што се означува и не смеат да упатуваат на својства кои производот ги нема.

Означување на вината и другите производи со име, слика, збор или со знак кои упатуваат на потекло на виното од одредено лозарско подрачје се дозволува со решение за заштита на географско потекло на виното.

Ознаката на традиционалниот (специфичен) начин на производството на вината може да се стави на етикетата, само ако производството се врши на начин и со постапки кои се разликуваат од вообичаените и е специфичен за производството на тоа вино во однос на другите вина и на другите лозарски подрачја, како и производителот да располага со соодветна документација дека производството е вршено на означениот начин.

Годината на бербата може да се означи само ако бербата и преработката на грозјето од кое потекнува виното се вршени во означената година. Вино кое носи година на бербата мора да содржи најмалку 85% на виното од назначената година на бербата.

Член 57

Ракијата може да се става во промет за непосредна потрошувачка во стаклени шишиња и во стаклени садови до 5 литри волумни со оригинален затворач.

Вињакот може да се става во промет за непосредна потрошувачка во стаклени шишиња до еден литар волумни со оригинален затворач.

Член 58

Ракијата и вињакот при ставање во промет и во прометот мора да ги исполнуваат овие услови:

— да се бистри, безбојни или да имаат боја својствена на видот на ракијата односно вињакот;

— да имаат вкус и мирис својствени на соодветниот вид на ракија односно вињакот;

— да немаат непријатен мирис и вкус;

— да се исправно доработени, и

— да не содржат недозволени страни тела (делови од затворачот — чепот и сл.).

Во случај на спор дали ракијата односно вињакот ги исполнува условите од став 1 на овој член, меродавно е мислењето на овластената организација за анализи, испитување и оценка.

Член 59

Ознаки за одликувања и признанија (награди, медаљи, дипломи и сл.) можат да се стават на етикетата само ако се добиени за квалитет на званични национални или на меѓународните изложби и саеми и сл. За ставање ознаки за одликувања и признанија корисникот мора да има уредна исправа.

Член 60

Се смета да производот содржи означена количина на алкохол ако отстапувањата не се поголеми и тоа:

— кај вината ± 0,3 волумни %;

— кај ракијата и вињаците ± 0,5 волумни %.

Стварен алкохол е оној алкохол кој се наоѓа во производството, не земајќи ја предвид онаа количина на алкохол која би се добила со вриење на заостанатиот (непревриен) шеќер.

Потенцијален алкохол е оној алкохол кој би настанал со вриење на заостанатиот (непревриениот) шеќер во производството пресметано врз основа на факторот 0,59 (1% шеќер = 0,59% алкохол).

Вкупен алкохол е збир на стварниот и потенцијалниот алкохол во производот.

## VIII. — ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПРОИЗВОДСТВОТО НА ВИНО

Член 61

Производителите на вино, се должни да водат соодветна евиденција која осигурува податоци кои овозможуваат следење на влезот во производството, преработката и доработката на грозјето, клукот, ширата и вината, податоци за видот, количината и квалитетот на произведените производи и податоци за видот и количината на употребените енолошки средства.

Евиденцијата од став 1 на овој член се води по образец број 3.

Член 62

Производителот на клукот, ширата и вината е должен да води евиденција за набавените и употребените количини на концентрирана шира и шеќер според образец број 4.

Член 63

Производителот на вина води евиденција за бистрење на ширата и вината со калиев фероцијанид според образецот број 5.

Член 64

Извозникот на шира, вина и други производи од грозје и производи од вина е должен да води соодветна евиденција за тој извоз и да осигура податоци за називот и седиштето на надворешниот купец како и за видот, количините и квалитетот на испорачаниот производ.

Член 65

Обрасците од членовите 61, 62 и 63 се составен дел на овој правилник.

## IX. — ЗЕМАЊЕ НА МОСТРИ ОД ПРОИЗВОДИ НА ГРОЗЈЕ, ВИНО И ЕНОЛОШКИ СРЕДСТВА

### 1. — Начин на земање на мостри

Член 66

Од производот кој се наоѓа во садот во количина поголема од потребната мостра, мострата се зема така да содржи приближно еднакви количини на производот земен од врвот, средината и дното на садот.

Ако е производот во постапката на производството, мострата се зема така да таа претставува просечна содржина на производот од кој се зема мострата.

Од производот кој се наоѓа во садот со оригинален затворач во количина која приближно одговара на количината потребна за мострата, како мостра се зема цел сад.

Член 67

Од енолошките средства пакувани во количини поголеми од потребната мостра, мострата се зема така да содржи приближно еднакви количини на средства земени од врвот, средината и дното на пакувањето.

Од енолошките средства кои се наоѓаат во оригинално пакување во количина приближно што одговара на количината потребна за мострата, како мостра ќе се земе целото пакување.

Член 68

Мострите на производите кои се подложни на брзи промени, а не се во оригинално пакување, мора да се конзервираат со средства кои не влијаат на својството кое треба да се анализира, испита или оцени.

За конзервирање на мострата од шира и вина може да се употребат:

— нистатин бензонат, во количина од 1 гр/лит;

— 40%-тни формалдехид, во количина од 1 милилитар на литар;

— горишкино уље, во количина од 1—3 милилитри на литар.

Мострите на ширата и вината конзервирани со средствата од ставот 2 на овој член можат да се користат само за утврдување на содржината на алкохолот, шеќерот како и други слатки материи употребени во производството.

На етикетата со која е означена мострата мора да биде назначено да е мострата конзервирана, со кое средство и со која количина на средството.

Член 69

Садот во кој се става мострата на производ или енолошкото средство мора да биде чист, т. е. измиен во чиста вода и во производот односно течното енолошко средство од кое се зема мострата.

Опаковката во која се става мострата на енолошкото средство мора да биде таква што ќе ја осигура мострата од хемиски промени, физичките оштетувања и расипување.

Величината на садовите односно омотот мора приближно да одговара на потребната количина на мострата.

Член 70

Мострите кои не се во оригинална опаковка се пакуваат, затвораат и печатат така да не може да се дојде до содржината на мострата без повредување на печатењето. Мострата може на соодветен начин да се пломбира.

Печатењето на мострата се врши со растопен печатен восок во кој се утиснува сув жиг на органот чии инспектор го врши печатењето. Кога мострата се пломбира, на пломбата мора да биде втиснат знак на органот чии инспектор го врши пломбирањето.

Член 71

Земената мостра се означува со прицврстување етикетата на мострата така да таа не може да се скине без повредување на печатот односно пломбата.

Етикетата мора да ги содржи особено следните податоци:

— назив или опис на производот од кој е земена мострата;

— назив односно името и презимето на сопственикот на производот од кој е земена мострата;

— место и објект во кој е земена мострата;

— назив на органот чиј инспектор ја зел мострата;

— датум на земањето на мострата.

Податоците на етикетата мора да бидат испишани на начин и со средства со кој истата не може неповикано да се менува или брише.

**2. — Број на мостри кои се земаат**

Член 72

Од вината и алкохолните непревриени производи од грозје во стаклените шишиња до волуменски еден литар со оригинален затворач се земаат четири мостри.

Од вината и алкохолно непревриените производи од грозје во стаклените шишиња од два литри волуменски со оригинален затворач се земаат три мостри.

Од вината, алкохолните непревриени производи од грозје како и од вина за доработка и преработка кои се наоѓаат во садот поголем од два литри волумни се земаат четири мостри од по еден литар.

Член 73

Од производите на дестилацијата на алкохолно преврените производи во стаклените шишиња со оригинален затворач до 0,5 литри волумни се земаат 4 литри.

Ако е производот од став 1 на овој член во стаклени шишиња со оригинален затворач, поголем од 0,5 лит. волумни или во други садови без оригинален затворач, се земаат четири мостри од најмалку 0,2—0,5 литри.

Член 74

Од енолошките средства се земаат четири мостри во оригинално пакување или 4 мостри по 100 грама.

На изричнo барање на сопственикот на производот односно енолошкото средство ќе сеземе мостра како оригинално пакуван производ во поголеми количини од пропишаните.

Барањето на сопственикот на производот мора да биде внесено во записникот за земање на мострата.

Член 75

Кога мострата од производот се зема од садови без оригинален затворач, а количината на производот е помала од количината потребна за одреден број мостри, ќе се земе најмалку една мостра во количина и помала од пропишаната.

Кога се земаат помали количини од пропишаните тоа се констатира во записникот за земање на мострата.

Член 76

Со земање на мострата се составува записник. Во записникот се внесува нарочно:

— назив односно име и презиме на сопственикот на производот;

— ознака на објектот во кој се наоѓа производот од кој е земена мострата;

— опис на производот и амбалажата во кој се наоѓа производот;

— опис на мострата (амбалажа, ознака на мострата и начинот на осигурувањето на оригиналната мостра — запечатен, запломбиран), и

— други важни околности.

Записникот се составува во четири еднакви примероци од кои еден се врачува на сопственикот на производот, вториот примерок се приложува со мострата, третиот примерок се користи во подоцнежната постапка, а четвртиот примерок останува во блокот.

Пред заклучување записникот ќе се прочита на присутните со напомена да имаат право да и сами го прегледаат записникот и да стават свои забелешки. На крајот во записникот ќе се наведе дека записникот е прочитан и дека не се ставени никакви забелешки, а ако има ќе се запишат накусо забелешките.

Една мостра се остава на сопственикот од кој е земена мострата, една мостра зема инспекторот, а останатите мостри служат за анализа, испитувања и оценувања.

Во случај кога за тие околности што се наведени во член 75 од овој правилник, е земен помал број на мостри од потребниот, на сопственикот на производот не мора да му се остави мостра.

Член 77

Мострата која е оставена на сопственикот на производот од кој е земена мострата, ќе служи на сопственикот на производот за суперанализа.

Сопственикот на производот од кого е земена мострата е должен по барање на инспекторот да му го достави својот примерок на мострата заради суперанализа.

Член 78

Содржината на количината на производот сместена во еден (исти) сад од кој е земена мострата има да се смета како истоветна содржина на мострата.

Ако производот се наоѓа во шишиња или во друг сад со оригинален затворач кои носат иста ознака на етикетата или на друга исправа која го следи производот, а кај ознаката на сериското полнење ист број на серијата се смета дека содржината на производот во сите така означени шишиња или садови е еднаква со содржината на мострата земена од една или повеќе истоветни означени шишиња или садови.

Одредбата на став 2 на овој член ќе се применува и на производот кој се наоѓа во садовите кои не се со оригинален затворач.

Ако е истиот производ сместен во повеќе садови кои не се означени, а сопственикот на производот изјави дека во садовите се наоѓа ист про-

извод, инспекторот може да земе само една просечна мостра од еден или повеќе садови.

### 3. — Достава на мострите на анализа, испитување и оценување

Член 79

За анализа и испитување се доставува на овластена организација една мостра на производ, а ако се бара и оценувањето на производот, се доставуваат две мостри на производот (еден за анализа и испитување, а другиот за комисиско оценување).

Член 80

Со мострите кои се доставуваат за анализа, испитувања и оценување се прилага и еден примерок од записникот.

Ако службеното лице одлучи мострата да се достави на анализа, испитување и оценување под шифра, со мострата која се доставува на овластената организација не се прилага записник за земање мостра туку писмо во кое само се назначуваат неопходните податоци за производот (вид на производот, неговиот опис и други неопходни податоци за вршење на анализи, испитувања и оценувања).

Член 81

Од мострата која се доставува на анализа, испитување и оценување на овластената организација под шифра, службеното лице ги кине сите ознаки кои упатуваат на производителот или сопственикот на производот од кој се земени мострите, а на мострите се става посебна етикета која содржи: шифра на мострата (реден број на евиденцијата за шифрата на мострата) и ознака на органот кој ја доставува мострата на анализа, испитување и оценување.

Кинењето на оригиналната ознака и етикета од мострата, и шифрирање на мострата се врши во присуство на раководителот на органот чиј инспектор зел мостра или во присуство на други лица што тој ќе ги овласти.

Член 82

За мострите кои под шифра се доставени на анализа, испитување и оценување се води посебна евиденција.

Евиденцијата од ставот 1 на овој член содржи:

— реден број на евиденцијата (кој воедно е и број на шифрата на мострата);

— назив односно име и презиме на сопственикот на производот;

— краток опис на производот;

— надворешен опис на мострата;

— ознака (број и дата) на записникот за земање на мострата;

— потпис на службените лица кои присуствувале на шифрирањето на мострата.

Кон евиденцијата за шифрирање на мострите се прилага еден примерок од записникот за земената мостра.

Шифрирањето на мострата и евиденцијата на шифрата на мострата претставуваат службена тајна.

Член 83

Сопственикот на предметот од кој е земена мострата може да бара мостра да се достави на суперанализа и тоа мострата што тој кај себе ја чува, под услов да на мострата не е повреден печатот односно пломбата, и друго што би можело да ја доведе во сомнение истоветноста на мострата со мострата која е земена од инспекторот и својата мостра да ја достави на надлежниот инспектор во рок во кој има право мострата да ја достави за барање на суперанализа.

Инспекторот со решение ќе го одбие вршењето на суперанализата, ако сопственикот на производот достави неисправна мостра.

Член 84

Одредбите на овој Правилник за доставување на мострата на анализа, испитување и оценување ќе се применуваат и на доставените мостри за суперанализа.

## X. — ОЗНАЧУВАЊЕ НА ВИНАТА И ОСТАНАТИТЕ ПРОИЗВОДИ ОД ГРОЗЈЕ И ВИНО

### 1. — Означување на вината

Член 85

Винските садови во кои се врши производство, нега или доработка на вината мора да ги имаат следните ознаки:

1. назив на виното;
2. сорта, ако се работи за сортно вино;
3. количина на вината во садовите;
4. извршената постапка на бистрење со калиев ферацијанид ако се врши бистрење;
5. други својства на вината кога е со пропис определено.

Член 86

Виното и останатите производи од грозје и вино кои се ставаат во промет за непосредна потрошувачка мора да бидат означени со ознаки кои се од значење за утврдување на квалитетот и потеклото на тие производи.

Член 87

Ознаките пропишани или дозволени со овој Правилник се однесуваат за вина и останати производи од грозје и вина во шишиња и се стават на главната, информативната и вратната етикета.

Информативната етикета на шишињата се става на супротната страна од главната етикета.

Задолжителната ознака мора да биде означена и на други садови со вино кои се наоѓаат во промет за непосредна потрошувачка и на винските карти.

Член 88

Вината мораат да ги имаат следните задолжителни ознаки:

#### 1. — Трпезни вина

(1) Назив „Трпезно вино";
(2) Нето количина на виното во литри;
(3) Назив и седиште на фирмата на полнителот и место на полнењето;
(4) Стварна содржина на алкохол (во волумни %).

#### 2. — Трпезно вино со географско потекло

(1) „Трпезно вино со географско потекло";
(2) Географско потекло — назив на географскиот реон или пониска единица;
(3) Име на виното или сортата на грозјето од кое е виното произведено;
(4) Нето количина на виното во литар;
(5) Назив и седиште на фирмата полнител и местото на полнењето;
(6) Стварна содржина на алкохолот (во волумни %).

#### 3. — Квалитетни вина со географско потекло

(1) „Квалитетно вино";
(2) Географско потекло, назив, виногорје или помала лозарска единица;
(3) Име на виното или сортата на грозје од кое е виното произведено;
(4) Нето количина во литри;
(5) Назив и седиште на фирмата полнител и место на полнењето;
(6) Содржина на шеќерот (слаткост на виното: суво, полусуво, полуслатко и слатко);
(7) Стварна содржина на алкохол (во волумни %).

#### 4. — „Врвни вина" со географско потекло

(1) Ознака „Врвно вино";
(2) Географско потекло — име на локалитетот (потесот, положајот и сл.);
(3) Назив на сортите на винovата лоза од кое е виното произведено;
(4) Содржина на шеќерот (суво, полусуво, полуслатко и слатко);

(5) „Полнител"... со називот на фирмата, односно назив и седиште на организацијата на здружениот труд „полнител";

(6) Регистерски број на решението за оценка на виното;

(7) Година на производството;

(8) Нето количина на виното;

(9) Стварна содржина на алкохолот (во волумни %);

(10) Сериски број на полнењето и назив на органот кој е надлежен да го одобрува серискиот број на полнењето;

(11) Контролирано потекло, научна установа надлежна за контролирање на потеклото.

Задолжителните ознаки се ставаат на главната етикета и никакви други ознаки не можат да се ставаат на главната етикета.

Ознаката за степенот на квалитетот и географското потекло на вината на главната етикета мора да бидат читки и уочливи.

Ознаките за квалитетот и географското потекло на вината се ставаат на трака широка од 1 см. која е втисната на главната етикета во лакот од левиот до десниот горен агол чија длабина на средината спрема долната ивица на етикетата изнесува 4 см. При означувањето на врвните вина ова трака мора да биде со златна боја, при означувањето на квалитетните вина, траката мора да биде со сребрена боја, а при означувањата на трпезните вина со географско потекло, траката мора да биде со бронзена боја. На траката мора да бидат испишани ознаки на квалитетите на вината (врвно. квалитетно и трпезно вино со географско потекло). Висината на буквите со кои се означува квалитетот мора да биде 0,8 см.

Член 89

Покрај задолжителните ознаки од член 88 на овој Правилник на информативната и вратната етикета можат да се стават и следните ознаки:

— назив на една или две сорти на виновата лоза од чие грозје е виното произведено;

— боја на виното (бело, црвено, ружица, црно);

— назив на виното;

— присутна и вкупна содржина на алкохолот;

— година во која виното е произведено;

— стокова марка;

— дата на полнењето;

— назив на производителот на грозјето и виното;

— ознака „сопствена берба и полнење" (ако полнителот го полнел виното од сопствена берба на грозјето);

— содржина на шеќерот во виното со ознаките: „Суво", „Полусуво", „Полуслатко" и „Слатко";

— одликувања и признанија добиени на националните и меѓународните изложби и саеми;

— препорака за употреба на виното;

— „младо вино", ако е полнето во шишиња најмногу до шест недели по бербата на грозјето;

— „старо вино" ако е произведено од бербата која и претходела на последната берба.

Член 90

Квалитетните вина можат на информативната етикета да ги имаат и следните ознаки:

— број на решението од овластената институција со кој е утврден квалитетот на виното;

— „контролирано потекло" или „контролирана ознака на потеклото";

— „доцна берба", „пробирна берба", „пробирна берба на зрното", „берба на суви зрна" (суварок).

Квалитетните вина можат да се означат и со ознаките „племенито квалитетно вино" или „Берба во полна зрелост" висококвалитетно вино, и со други ознаки до колку не се во спротивност со член 93 на овој правилник.

Член 91

За означување на вината и останатите производи од грозје и вина со географско потекло, можат да се употребат називите од лозарските реони и подреони односно виногорјата.

Останатите производи на грозје и вино (специјални, пенливи и други вина, шира и други производи) на главната етикета можат да ги имаат и следните ознаки:

(1) назив на производот;

(2) назив на лозарската единица (за квалитетно пенливо и квалитетно бисерно вино);

(3) нето количина на производот;

(4) ознака, производител... полнител... со назив на фирмата, односно назив и седиште на организацијата на здружениот труд.

(5) ознака на специфичноста на квалитетот на вината како што се алкохол (% вол.) количина на шеќер во %, количина на $CO_2$ во %, притисок во атмосфери и т. н.

Член 92

Означување на вината со името на сортата на виновата лоза е дозволено:

(1) ако виното ги има карактеристичните хемиски и органолептички особини на сортата и соодветните органолептички својства значајни за еколошката средина (услови) и ако сортите се од одреденото лозарско подрачје;

(2) ако виното е произведено во потполност или од најмалку 85% од грозјето на односната сорта.

Член 93

Наместо ознаката на името од една сорта може виното да се означи со имињата од најмногу на две сорти, до колку е произведено исклучиво од грозјето на тие сорти, при што на етикетата да се означи застапеноста на секоја сорта (во %).

Член 94

Специјално вино мора при ставање во промет и во прометот да ги има следните ознаки:

(1) назив на производителот;

(2) назив на виното;

(3) содржина на алкохолот во волумни проценти;

(4) содржина на шеќер (во грамови на литар).

Покрај ознаките од став 1 на овој член, ознаките на специјалните вина можат да содржат и други податоци дозволени за означување на трпезни вина и вина со географско потекло.

Член 95

Пенливите вина мора при ставање во промет и во прометот да ги имаат следните ознаки:

(1) назив на производителот;

(2) назив на виното;

(3) содржина на алкохолот во виното во волумни %;

(4) содржина на шеќерот во виното (означено како суво, полусуво, полуслатко и слатко);

(5) природно или газирано;

(6) метод на производството;

(7) други обврзни ознаки.

Пенливите вина можат да носат и други ознаки за означување на вината на одредениот квалитет дозволен со прописите за означување на вината.

**2. — Означување на останатите производи од грозје, шира и вино**

Член 96

Другите производи од грозје, шира и вина (член 36 од Законот за вино) мора во текот на производството и преработката на садовите во кои се сместени да ги имаат следниве ознаки:

(1) назив на производот;

(2) намена на производот;

(3) основни податоци за содржината на производот (волумен % на алкохол, содржина на шеќерот и сл.);

(4) количина на производот во садот;

(5) други својства на производот, кога е тоа со пропис определено.

Член 97

Другите производи од грозје, шира и вина при ставање во промет и во прометот мора да ги имаат на шишињата, садовите или другите опаковки следните ознаки:

(1) назив односно име на производителот;

(2) назив на производот;

(3) количина на производот во шишето, садот или во другата опаковка;

(4) основни податоци за содржината (составот) на производот, пропишани со овој правилник.

Член 98

Алкохолно не превриени производи од грозје се означуваат со следните податоци:

— за содржината на шеќер (во грамови на литар);

— за содржината на алкохол (во волумни %).

Конзервираната шира се означува и со податоци за видот и количината на хемиските средства односно физичките постапки со кои е запрено вриењето.

Алкохолизираната шира се означува со податоците за видот и количините на додадениот алкохол.

Ознаката на алкохолно непревриениот производ од грозје може да содржи и податоци за географско потекло, односно сортите од кои е ширата произведена како и други податоци кои може да ги содржи ознаката на вината.

Вината за мешање (купажирање) се означуваат со податоците за содржина на виното во текот на производството, негата и доработката.

Алкохолизираното вино, се означува со податоците за:

— содржина на стварниот алкохол,

— видот и количината на додадениот алкохол,

— количините на испарливите и вкупните киселини.

Вината за производство на оцет се означуваат со податоците за:

— содржина на алкохолот,

— содржина на испарливите и вкупните киселини,

— намена на производот („вино за производство на оцет").

Ракијата се означува со податоците за:

— содржина на алкохолот,

— состојки кои се додавани на ракијата.

Освен пропишаните податоци, во ознаката на ракијата може да се внесат и други податоци кои се однесуваат за квалитетните и други својства на ракијата.

Винскиот дестилат, се означува со податоците за:

— суровината од која е произведен дестилатот,

— содржината на алкохолот.

Винскиот алкохол се означува со податоците за:

— суровината од која е произведен алкохолот,

— содржината на алкохолот.

Член 99

Вињакот се означува со основни податоци за:

— квалитетот на вињакот;

— содржина на алкохолот;

— содржина на екстрактот.

Квалитетот на вињакот се означува со соодветен назив „вињак", „созреан вињак" или „одлежан вињак". Како одлежан вињак може да се означи само вињак кој е одлежан во дабови бочви или во допир со дабовина од најмалку три години.

Со називите од став 2 на овој член може да се стави и звездица како ознака на староста на вињакот, при што секоја звездица означува една година старост.

Со ознаката на вињакот може да се внесат и податоците за сортата или географското потекло на вината од кои е произведен винскиот дестилат употребен за производство на вињакот.

## XI. — ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 100

Употребата на грозје за преработка во вино од привремено дозволените сорти може да се врши до биолошкото искористување на овие сорти на виновата лоза.

Под привремено дозволените сорти од став 1 на овој член се подразбираат оние сорти на виновата лоза кои се затечени во поедини лозарски реони и виногорја со денот на влегување во сила на овој правилник, а не се предвидени со овој правилник.

Член 101

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи:

1. — Правилникот за преработка на грозје и вино („Службен лист на ФНРЈ" бр. 10/58 и 19/58 и „Службен лист на СФРЈ" бр. 35/65 и 45/75);

2. — Правилникот за прометот на вината, ширата и комињакот, за заштита на потеклото на чувените вина и за овластувањата на службениците кои вршат винарска инспекција („Службен лист на ФНРЈ" бр. 35/58 и „Службен лист на СФРЈ" бр. 36/65 и 42/65).

Член 102

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 08-1125/1
28 декември 1979 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
инж. **Христо Христоманов,** с. р.

Образец број 1

# РЕГИСТАР
## НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА ВИНО ЗА ПРОМЕТ

1.- Реден број ______________
2.- Број и дата на запишувањето во регистарот______________
3.- Производител - назив на ООЗТ или на индивидуалниот производител:______________
4.- Општина:______________
5.- Податоци за капацитетите за преработка на грозје и за суровинска база:

А.- Податоци за капацитети за преработка на грозје и вино
1.- Капацитет на винанрската визба изразен во количини на грозје во тони ______________
2.- Капацитет на винарската визба изразена во количина на вино во HL ______________
3.- Податоци за капацитет за флаширано вино ______________
4.- Податоци за виното со заштитено географско потекло (назив на виното и број на решението за заштита на потеклото): ______________

______________

______________

______________

5.- Податоци за суровинска база:

А) Просечно годишно производство на грозје во рамките на ООЗТ и тоа по сорти:

| | Сорта | Површина на лозја во ха | Вкупно производство на грозје во тони |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |
| 6. | | | |
| 7. | | | |
| 8. | | | |
| 9. | | | |
| 10. | | | |
| | ВКУПНО | | |

./.

2.-

Образец број 1

Б.- Производство на грозје со коопераnти и со привремена кооперација

| Сорта | Површина на лозја во ха | Вкупно производство на грозје во тони |
|---|---|---|
| 1.________ | ________ | ________ |
| 2.________ | ________ | ________ |
| 3.________ | ________ | ________ |
| 4.________ | ________ | ________ |
| 5.________ | ________ | ________ |
| 6.________ | ________ | ________ |
| 7.________ | ________ | ________ |
| 8.________ | ________ | ________ |
| 9.________ | ________ | ________ |
| 1о.________ | ________ | ________ |

ВКУПНО: ________

СЕ ВКУПНО А+Б: ________

| | | |
|---|---|---|
| 1.________ | ________ | ________ |
| 2.________ | ________ | ________ |
| 3.________ | ________ | ________ |
| 4.________ | ________ | ________ |
| 5.________ | ________ | ________ |
| 6.________ | ________ | ________ |
| 7.________ | ________ | ________ |
| 8.________ | ________ | ________ |
| 9.________ | ________ | ________ |
| 1о.________ | ________ | ________ |

СЕ ВКУПНО: ________

6.- Податоци за стручни кадри

а) Стручни кадри со висока стручна спрема:

1.________ инж.агр.

2.________ дип.инж.техн.

3.________ дип.инж.биот.

б) Стручни кадри со средна земјоделска стручна спрема ________ бр.

в) Високо квалиф. работници (ВКВ-винари) ________ бр.

7.- Поважна опрема за производство на вино:

....................................

....................................

....................................

8.- Опрема за флаширање на вина со капацитет од

________ броја годишно флаши односно хектолитри вина.

Образец број 2

Презиме и име односно назив и седиштето на производителот ________________
________________

________________
/Назив на органот на кого се поднесува пријавата/

# П Р И Ј А В А
## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА ВИНА

Во смисла на член 8 став 1 од Законот за вино ("Службен весник на СРМ" бр.27/73) поднесувам пријава за запишување во регистарот на производителите на вино за промет – (за промените во запишувањето во регистарот) број ________________.

За таа цел ги наведувам следните податоци:

1.- Капацитет на винарската визба
/Технички, изразен во количини на грозје во тони/ ____________

2.- Капацитет на винарската визба
/Изразено во количина на вино ХЛ/ ____________

3.- Податоци за вината со заштитено географско потекло (назив на виното и број на решението за заштитеното потекло) ....................................
..................................................................
..................................................................
..................................................................

4.- Податоци за суровинската база:
а) Просечно годишно производство на грозје во рамките на ООЗТ – тоа по сорти:

| Реден број | С о р т а | Површина на лозјата во ха | Вкупно производство на грозје во тони |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |
| 6. | | | |
| 7. | | | |
| 8. | | | |
| 9. | | | |
| 1о. | | | |
| | СЕ ВКУПНО: | | |

б) Производство на грозје со коопераnти и со привремена кооперација

| Реден број | С о р т а | Површина на лозја во ха | Вкупно производство на грозје во тони |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |

./.

2.-

Образец број 2

6. ___
7. ___
8. ___
9. ___
10. ___

ВКУПНО: ___

СЕ ВКУПНО а) + б): ___

| Реден број | Сорта | Површина на лозја во ха | Вкупно производство на грозје во тони |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |
| 6. | | | |
| 7. | | | |
| 8. | | | |
| 9. | | | |
| 10. | | | |
| СЕ ВКУПНО: | | | |

5.- Податоци за стручните кадрови:

а) Стручни кадри со висока стручна спрема: 1.____ дип.инж.агр.
2.____ дип.инж.тех.
3.____ дип.инж.биот.

б) Стручни кадри со средна земјоделска стручна спрема ____________ лица

в) ВКВ - високо стручни работници винари ____________ лица

6.- Поважна опрема за производство на вина:

...........................................................

...........................................................

7.- Опрема за флаширање на вина со дневен капацитет од ____________ броја, односно годишен капацитет од ____________ броја флаши во хектолитри вина.

Потпис на производителот,

______________________

Со ова се потврдува на подносителот на оваа Пријава дека е запишан во Регистарот за производство на вино под број ______

______________________
/Потпис на овластеното лице/

М.П.

**Прилог кон образецот број 2**

Кон пријавата се прилага преглед со елементи за производство на грозје за преработка во винарска визба

1.- Податоци за лозјата во рамките на организацијата:

| Реден број | Сорта | Површина на лозја во ха | Вкупно производство на грозје во тони |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. и т.н. | | | |
| ВКУПНО: | | | |

2.- Податоци за производство на грозје со коопераанти се дава по следниот образец:

| Име и презима на производителот | Село - град | Површина на лозја во хектари | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | Сорта | Сорта | Сорта | Сорта |
| А/ Со коопераанти: | | | | | | |
| 1. | | | | | | |
| 2. | | | | | | |
| 3. | | | | | | |
| 4. | | | | | | |
| 5. | | | | | | |
| 6. | | | | | | |
| ВКУПНО: | | | | | | |
| Б/ Производство со привремена кооперација | | | | | | |
| 1. | | | | | | |
| 2. | | | | | | |
| 3. | | | | | | |
| 4. | | | | | | |
| 5. | | | | | | |
| 6. | | | | | | |
| ВКУПНО: | | | | | | |
| СЕ ВКУПНО А + Б: | | | | | | |

Образец број 3

## ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПРОИЗВОДСТВОТО НА ВИНО

_______________________________

/Презиме и име, адреса односно
назив на производителот/

## ОБЕЗБЕДЕНА СУРОВИНА (ГРОЗЈЕ) ЗА ПРЕРАБОТКА И ПРОИЗВЕДЕНИ КОЛИЧИНИ ВИНА И РАКИЈИ

I.- Произведено, преработено и откупено грозје

- во тони -

| Ред. бр. | Сорта | ха | Сопствено производ. | % на шеќер | купено грозје | % на шеќер | Продадено грозје | Преработено грозје во вино |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

II.- Произведено вино и ракија

- во тони -

| Ред. бр. | Назив на виното | Произвед. вино | Залихи на вино од минали години | Вкупно вино (3+4) | Вол. % алк. | Произвед. ракија | Залихи на ракија од минали години | Вкупно ракија (7+8) | Вол. % на алкох |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

Датум __________ 19____ год.

Местото ______________

Производител,

_______________________

Образец број 4

# ЕВИДЕНЦИЈА

за набавените и употребените количини на шеќер - концентрирана шира за поправување - засладување на ширата - клукот

Производител ______________________________
/Назив на ОЗТ или име и презиме/

Место ____________

Општина ____________

| Реден број | Податоци за ширата која се засладува: Општина, место, виногорје каде е произведено гроздето - ширата | Од кои сорти односно мешани сорти е произведена ширата - клукот | Процент на шеќер во незасладената шира | Податоци за набавката на шеќер, концентрирана шира: Назив и место на организацијата на здружениот труд од каде е извршена набавката на шеќерот, а за концентрираната шира и потеклото (виногорје) | Број и датум на сметката за набавката на шеќерот | Количина на набавениот шеќер во кгр. | Број и датум на одобрение за засладување на ширата - клукот | Место и датум на засладувањето |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

| Податоци за употребен шеќер на ширата - клукот: Количина на употребен шеќер во килограми | Шира - клук: Сорта | Шира - клук: Количина во литри и ознака на садот | Шира - клук: Содржина на шеќер во проценти | Податоци за употребена концентрирана шира за засладување на ширата - клукот: Употребена конц.шира: Сорта | Употребена конц.шира: Количина во литри | Засладена шира - клук: Сорта | Засладена шира - клук: Количина во литри и ознака на садот | Засладена шира - клук: Содржина на шеќер во % на клукот - ширата | Напомена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

Образец број 5

## ЕВИДЕНЦИЈА

за бистрење на ширата и вината со калиум фероцијанид

| Ред. бр. | Ознака на виното и садот во кој е виното сместено | Сорта, тип и квалитет на виното | Количина )во ХЛ) | Назив на организацијата која врши надзор над бистрењето, датум на бистрењето, број и датум на приемот на упутот како и име и презиме на работникот на овластената организација која врши надзор на бистрењето. | Број и датум на одобрението за бистрење. Име и презиме на работникот кој го извршил бистрењето | Датум на бистрењето, количина и начин на давањето кал.фероцијанид и потпис на одговорниот работник |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

| Опишување на дејствата во постапката на бистрењето (датум и опис на работите) | Кога е бистрењето довршено и потпис на одговорниот работник | Датум на земање на мострата после филтрирањето на виното и доставување на истата на овластената организација | Назив на овластената организација (број и датум на анализата и мислењето) | Намена на виното после извршената анализа (датум и потпис на овластен. работник) | Напомена |
|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — БИТОЛА

**147.**

Врз основа на член 26 став 1 точка 8 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Битола и основни заедници во Битола, Демир Хисар и Ресен и член 184 став 1 точка 5 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Битола, по претходно добиено мислење од основните заедници од Ресен и Демир Хисар, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Битола, со рамноправно учество на Соборот на делегатите корисници на услугите — земјоделци и Соборот на делегатите даватели на услугите, на седницата одржана на 28 февруари 1980 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ ВАЖНОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

I

Одлуката за придонесите на здравственото осигурување на земјоделците за 1978 год., бр. 02-47/16 од 28. II. 1979 година, чија важност за 1979 година е продолжена со Одлуката бр. 02-1/9 од 28. II. 1979 година се продолжува да важи и за 1980 година за земјоделците од подрачјето на општините Ресен и Демир Хисар.

За придонесите на здравственото осигурување на земјоделците од подрачјето на општината Битола за 1980 година ќе се донесе посебна одлука.

II

Оваа одлука влегува во сила по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1980 година.

Бр. 02-1/10
28 февруари 1980 година
Битола

Собор на делегатите корисници на услугите — земјоделци
Претседател,
**Томе Аршиновски,** с. р.

Собор на делегатите даватели на услугите
Претседател,
д-р **Димитар Вангелов,** с. р.

Собрание на ОЗЗЗО — Битола
Претседател,
**Благој Силјановски,** с. р.

**148.**

Врз основа на член 9 и 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ", бр. 5/74), член 26 став 1 точка 8 и член 27 став 2 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Битола и основните заедници во Битола, Демир Хисар и Ресен, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Битола, со претходно прибавено мислење од Основната заедница на здравството и здравственото осигурување — Ресен, со рамноправно учество на Соборот на корисниците на услуги — работници и Соборот на делегатите — даватели на услугите, на седницата одржана на 28 февруари 1980 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СТАПКИТЕ И ТАРИФАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И СТАПКАТА НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО ЗА 1980 ГОДИНА ЗА ОСИГУРЕНИЦИТЕ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА РЕСЕН

Член 1

Стапката на придонесот за здравствено осигурување за 1980 година се утврдува на 7,10% од бруто личниот доход и другите примања во кој се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителните видови на здравствена заштита, од 3,00% и

— стапката на придонесот за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување, од 4,10%.

По исклучок од претходниот став организациите: Работна единица „Килимара" при ООЗТ „Сточар" и „Автосервис" при ООЗТ Транспорт од матичната организација ЗИК „Преспанско јаболко" — Ресен и сите новоформирани ООЗТ во ридско-планинските подрачја, предвидени во Одлуката за општинските даноци на граѓаните во член 3 став 2, групата катастарски општини под 2 („Службен гласник на општината Ресен", бр. 3/78) ќе плаќаат придонес за здравствено осигурување по намалена стапка од 50%.

Тарифата на придонесот за здравствено осигурување во случај несреќа на работа и заболување од професионални болести се одредува во висина од 0,16%. Основица за пресметување на придонесот од овој став кај обврзниците кои формираат доход претставува остварениот доход. Основица кај обврзниците кои не формираат доход претставуваат бруто личните доходи и другите примања.

По исклучок од претходниот став организациите: ЗИК ООЗТ Земјоделие, ГП „Слога", Туристичкото претпријатие „Преспатурист" — Ресен, Туристичкото претпријатие „Отешево", тарифата на придонесот за здравствено осигурување во случај несреќа на работа и заболување од професионални болести ќе ја плаќаат по намалена стапка за 50%.

Придонес за несреќа на работа и заболување од професионални болести по 0,16 од бруто основицата пресметуваат и плаќаат и обврзниците на придонесот кои не формираат доход за вработените по договор за вршење на повремени или привремени работи.

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство (за деташирани работници) се определува во висина од 20% од чистиот доход, односно основицата утврдена со посебна одлука.

Придонесот од претходниот став се распоредува по видот на правата сразмерно на стапката односно тарифата на придонесот определени со оваа одлука.

Член 2

Придонесот за здравствено осигурување за привремено безработните лица СИЗ за вработување го плаќаат со примена на нето стапката на просечниот износ наплатен на име паричен надоместок на привремено безработните лица за времето за кое се плаќа придонес за здравствено осигурување, кое пресметано одговара на бруто стапката од 7,10%.

Член 3

Доколку со закон или акти на оваа заедница основицата за пресметување и плаќање на придонесите е определена во нето износ, придонесите за здравствено осигурување се пресметуваат и плаќаат според тарифата пресметана на чистиот личен доход односно на чистите примања.

Пресметувањето на стапката според претходниот став се врши во случаите кога личните доходи се пресметуваат и плаќаат во нето износ, како и кога во личниот доход не се содржани сите придонеси од личниот доход.

Член 4

Вкупно реализираните придонеси по оваа одлука се распоредуваат по следната структура и тоа:

— за Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — 18%;

— за Основната заедница на здравството и здравственото осигурување — 82%.

Обврзникот за уплата на придонесот должен е при уплатата на придонесите за здравствено оси-

гурување на самиот налог — уплатница да даде спецификација за уплатените придонеси по видови на правата со искажување на основицата, стапката и периодот за кој се пресметува и уплатува придонесот.

Доколку обврзникот за уплата на придонесите не го пополни налогот — уплатницата согласно претходниот став, Службата на општественото книговодство, односно поштата, должна е да го прими налогот — уплатницата во смисла на член 38 од Законот за Службата на општественото книговодство.

Член 5

Придонесите ги пресметуваат и ги плаќаат обврзниците на начин утврден со закон, Статутот и другите општи акти на Заедницата.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се применува од 1. I. 1980 година.

Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-1/8
28 февруари 1980 година
Битола

Собор на делегатите корисници на услуги — работници
Претседател,
**Анастас Арсовски,** с. р.

Собор на делегатите даватели на услуги
Претседател,
д-р **Димитар Вангелов,** с. р.

Собрание на ОЗЗЗО — Битола
Претседател,
**Благој Силјановски,** с. р.

**149.**

Врз основа на член 9 и 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ", бр. 5/74), член 26 став 1 точка 8 и член 27 став 82 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Битола и основни заедници во Битола, Демир Хисар и Ресен, а во врска со член 1 од Законот за изменување на Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ", бр. 43/78), Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Битола, со рамноправно учество на Соборот на делегатите корисници на услугите — работници и Соборот на делегатите — даватели на услугите, на седницата одржана на 24 декември 1979 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И СТАПКИТЕ НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО ЗА 1980 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравствено осигурување за 1980 година се утврдува на 7,60% од бруто личниот доход и другите примања во која се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителните видови на здравствена заштита, од 4,00% и

— стапката на придонесот за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување, од 3,60%.

Придонесот за здравствено осигурување во случај несреќа на работа и заболување од професионална болест се одредува во висина од 0,40%.

Основица за пресметување на придонесот од претходниот став кај обврзниците кои формираат доход претставува остварениот доход. Основица кај обврзниците кои не формираат доход претставуваат бруто личните доходи и другите примања.

Придонес за несреќа на работа и заболување од професионална болест по 0,40% од бруто основиците пресметуваат и плаќаат и обврзниците на придонес кои не формираат доход за вработените по договор за повремени или привремени работи.

Член 2

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство (за деташирани работници) се одредува во висина од 20,00% од нето личниот доход, односно основицата утврдена со посебна одлука.

Придонесот од претходниот став се распоредува по видови на правата сразмерно на стапката на придонес определен со оваа одлука.

Член 3

Придонесот за здравствено осигурување на привремено невработените лица СИЗ на вработувањето го плаќа со примена на нето стапка на просечниот износ исплатен на име паричен надоместок на привремено безработните лица за времето за кое се плаќа придонесот за здравствено осигурување, кое пресметано одговара на бруто стапката од 7,60%.

Член 4

Доколку со закон или акти на оваа заедница основицата за пресметување и плаќање на придонесот е определена во нето износ, придонесите за здравствено осигурување се пресметуваат и плаќаат според стапката пресметана на чистиот личен доход или чистите лични примања.

Пресметувањето на стапката според претходниот став се врши во случаите кога личните доходи се пресметуваат и плаќаат во чист личен доход, како и кога во личниот доход не се содржани сите придонеси од личниот доход.

Член 5

Вкупно реализираните придонеси по оваа одлука се распоредуваат по следната структура и тоа:

— за Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, 18,00%;

— за Основната заедница на здравството и здравственото осигурување, 82,00%.

Член 6

Обврзниците на придонесот се должни при уплатата на придонесите за здравствено осигурување на самиот налог-уплатница да дадат спецификација за уплатените придонеси по видови на правата со искажување на основицата, стапката и периодот за кој се пресметува и уплатува придонесот.

Доколку обврзниците на придонесот при уплатата не го пополнат налогот-уплатницата согласно претходниот став, Службата на општественото книговодство, односно поштата, должна е да го прими налогот-уплатницата во смисла на член 38 од Законот за Службата на општественото книговодство.

Член 7

Придонесите ги пресметуваат и плаќаат обврзниците на начин утврден со закон, Статутот, оваа одлука и другите општи акти на Заедницата.

Член 8

Пресметувањето и плаќањето на придонесот по стапките утврдени со оваа одлука се однесува на обврзниците на придонес од подрачјето на општината Битола.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 март 1980 година.

Одлуката да се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-1/46
24 декември 1979 година
Битола

Собор на делегатите корисници на услуги — работници
Претседател,
**Анастас Арсовски,** с. р.

Собор на делегатите даватели на услуги
Претседател,
д-р **Димитар Вангелов,** с. р.

Собрание на ОЗЗЗО — Битола
Претседател,
**Благој Силјановски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КОЧАНИ

**150.**

Врз основа на член 109 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ", бр. 34/76) и член 22 став 1 точка 11 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кочани, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кочани, на седницата на Соборот на делегатите работници — корисници на услугите, одржана на 28 февруари 1980 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УЧЕСТВОТО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ПРИ ПОДНЕСУВАЊЕТО НА ТРОШОЦИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗАБНО-ПРОТЕТИЧКИ, ПРОТЕТИЧКИ, ОРТОТИЧКИ СРЕДСТВА И САНИТАРНИ СПРАВИ, ОЧНИ И СЛУШНИ ПОМАГАЛА И ПОМАГАЛА ЗА ОВОЗМОЖУВАЊЕ НА ГЛАСЕН ГОВОР

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на учеството на осигурените лица при користење на забно-протетички, протетички, ортотички средства и санитарни справи, очни и слушни помагала и помагала за овозможување на гласен говор, начинот на плаќањето на учеството, како и случаите во кои осигурените лица се ослободуваат од плаќање на предвиденото учество.

Член 2

При користењето на здравствените услуги осигурените лица задолжително учествуваат во поднесувањето на трошоците и тоа за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | забно-протетичка помош и забно протетички средства | 30% |
| 2. | привремени имедијатни протези | 40% |
| 3. | визил — скелет | 40% |
| 4. | протези за горни и долни екстремитети кога потребата настанала пред стекнувањето на својство на осигурено лице | 20% |
| 5. | навлака (чорап) од волнен, памучен или синтетички материјал | 30% |
| 6. | естетски и кожни ракавици | 30% |
| 7. | ортотички средства (апарати за горни и долни екстремитети, корсети и мидери) | 30% |
| 8. | ортопедски чевли | 20% |
| 9. | обични чевли | 30% |
| 10. | инвалидска количка, кога потребата настанала пред стекнувањето на својство на осигурено лице | 20% |
| 11. | гумен чорап, натколеница, доколеница | 30% |
| 12. | затега, суспензориум, појас, бастун, бастун за слепи лица, патерици, ортопедски влошки, кожни капи | 30% |
| 13. | перика | 50% |
| 14. | апарат за екстензија на употреба | 30% |
| 15. | вештачка дојка | 40% |
| 16. | сите видови на очни помагала | 30% |
| 17. | слушни помагала | 20% |
| 18. | апарат за овозможување на гласен говор | 20% |
| 19. | сите видови на здравствени услуги кои се укажуваат со цел да се изврши естетска корекција на поодделни органи и делови на телото | 30% |
| 20. | здравствени услуги во случај на артефизијален абортус | 40% |
| 21. | здравствени услуги чие користење е предизвикано со тепачка или пијана состојба | 100% |

Член 4

Како трошоци во смисла на оваа одлука се подразбираат цените на здравствените услуги, помагалата и санитарните справи што важат во моментот на нивното извршување односно испорачување.

Член 5

Осигурените лица утврдениот дел на учеството предвидено со член 2 од оваа одлука го плаќаат на организацијата на здружен труд која ја извршила здравствената услуга односно го испорачала помагалото или санитарната справа.

Член 6

Осигурените лица не учествуваат во трошоците за поправка на помагалата, кога на таква поправка имаат право според одредбите на Правилникот.

Член 7

Осигурените лица се ослободени од плаќање на учеството предвидено со член 2 од оваа одлука во следните случаи:

1. кога користат здравствена заштита по основ на задолжителни видови на здравствена заштита;
2. децата до 20 годишна возраст, а ако се на редовно школување до крајот на пропишаното редовно школување, но најдоцна до наполнувањето на 26 годишна возраст;
3. ако се постари од 65 годишна возраст и
4. кога користат здравствена заштита поради несреќа на работа и професионално заболување.

Член 8

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за висината на учеството на осигурените лица во трошоците за користење на здравствените услуги, број 1637 од 26. XII. 1974 година.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила, ќе се применува од денот на нејзиното донесување и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 0101-113
28 февруари 1980 година
Кочани

Претседател,
**Кољо Каров**, с. р.

**151.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 9 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кочани, член 199 став 1 точка 5 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кочани („Службен весник на СРМ", бр. 34/76), Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, со рамноправно учество на Соборот на делегатите работници — корисници на услугите и Соборот на давателите на услугите, на седницата одржана на 28 февруари 1980 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО СЕ ПЛАЌААТ ВО ПОСТОЈАНИ МЕСЕЧНИ ИЗНОСИ ЗА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ ОСИГУРЕНИЦИ

Член 1

Придонесите за здравствено осигурување во постојани месечни износи за 1980 година се плаќаат за:

1. лицата на доброволна практика (волонтери) што не примаат личен доход ако работат со полно работно време во износ од 120,00 динари;
2. учениците во средните училишта за одделни занимања за кои покрај училиштата се изведува и практична настава во организацијата на здружен

труд, училиштето или кај приватниот работодавец, во износ од 80,00 динари;

3. лицата на школување, стручно усовршување или постдипломски студии, кои поради тоа го прекинале вработувањето, ако за тоа време примаат стипендија, во износ од 150,00 динари;

4. лицата кои организацијата пред да ги вработи ги упати како свои стипендисти на практична работа во друга организација заради стручно оспособување, ако за тоа време примаат стипендија, во износ од 150,00 динари;

5. лицата кои учествуваат на младински работни акции, а кои по прописите на инвалидското осигурување се осигурени за сите случаи на инвалидност, во износ од 80,00 динари;

6. лицата кои учествуваат во организирани работни акции, ако на тие работи работат најмалку 6 часа дневно, во износ од 100,00 динари;

7. лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука (логорување), во износ од 80,00 динари;

8. лицата припадници на територијалните единици, припадници на цивилната заштита за време на изведување на задачите на територијалната одбрана, во износ од 80,00 динари;

9. уживателите на постојана државна помош дадена од страна на поранешните президиуми на народните собранија или од страна на Извршниот совет, во износ од 120,00 динари;

10. членовите на потесното семејство на југословенските работници на работа во странство кои живеат на подрачјето на Заедницата а на кои не им е обезбедена здравствена заштита кај странскиот носител на здравственото осигурување, во постојан износ од 150,00 динари;

11. уживателите на инвалиднини по прописите на инвалидското осигурување и тоа само за случај на потреба од лекување во врска со повреда или заболување што предизвикало телесно оштетување за кое им припаѓа право на инвалиднина, во износ од 100,00 динари.

Член 2

Во постојани месечни износи се плаќаат придонесите за здравствено осигурување во случај несреќа на работа и заболување од професионални болести, во износ од по 50,00 динари за:

1. учениците во стручните училишта и студентите во вишите и високите школи, факултетите, уметничките академии — за времетраењето на практичната работа во врска со наставата;

2. лицата кои учествуваат во младинските работни акции кои по прописите на инвалидското осигурување се осигурени за сите случаи на инвалидност;

3. лицата кои учествуваат во организирани работни акции;

4. лицата кои се наоѓат на предвојничка обука;

5. лицата кои се наоѓаат на извршување на задачи на територијалната одбрана и цивилната заштита;

6. лицата кои се наоѓаат на стручно усовршување или преквалификација, а се упатени од Самоуправната интересна заедница за вработување;

7. лицата кои работат помалку од половината од полното работно време;

8. припадници на доброволните организации на противпожарната заштита.

Член 3

Платените придонеси според износите на член 1 и 2 на оваа одлука ќе се распределуваат:

— за задолжителни видови;

— за останати права над задолжителните видови и

— за несреќа на работа и заболување од професионални болести.

Член 4

Придонесите од член 1 и 2 на оваа одлука се пресметуваат и плаќаат месечно наназад, со исклучок на придонесите од член 1 точка 10 кои се плаќаат однапред.

Доколку придонесите се утврдуваат за време покусо од еден месец, за секој календарски ден во соодветниот месец се плаќа по 1/30 од определениот месечен износ на придонесот.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за постојаните износи на придонесите на здравственото осигурување на одделни категории лица надвор од работен однос осигурени по Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението, број 1629 од 26 декември 1974 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1980 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 0101-112
28 февруари 1980 година
Кочани

Претседател,
**Кољо Каров,** с. р.

## 152.

Врз основа на член 9 став 6 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“, бр. 5/74) и член 199 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кочани, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, на седницата на соборите на делегатите работници — корисници на услугите и на делегатите — даватели на услугите, одржана на 28 февруари 1980 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВО И ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ И СТАПКАТА НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО ЗА 1980 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравствено осигурување за 1980 година се определува во висина од 7,20% од бруто личниот доход и другите примања во која се содржани:

— стапка на придонесот за задолжителни видови на здравствена заштита — од 3,80%;

— стапка на придонесот за правата од здравствена заштита што самостојно ја утврдува Собранието на Заедницата и другите права од здравственото осигурување — од 3,40%.

Стапката на придонесот за здравствено осигурување во случај несреќа на работа и професионално заболување се определува и тоа:

— по 0,30% — организациите на здружен труд распоредени во Номенклатурата за стопанските области од 1—8, од основицата што ја сочинува вкупниот доход, намален за износот на законските и договорните обврски;

— по 0,50% — сите други организации и интересни заедници што не формираат доход, основицата за пресметување ја сочинува бруто исплатениот личен доход и другите примања.

Член 2

Посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство се определува по стапка во висина од 20% од нето личниот доход, односно од основицата утврдена со посебна одлука.

Посебниот придонес од претходниот став се распоредува по видови на правата сразмерно на стапката односно тарифата на придонесот определен со член 1 на оваа одлука.

Член 3

Стапката на придонесот за здравствено осигурување на Заедницата за вработување за паричниот надоместок на привремено безработните лица и на уживателите на пензија се определува на 10,60% од нето примањата.

За лицата пријавени во Заедницата за вработување основицата за пресметување на придонесот за здравствено осигурување ја сочинува просечниот износ на име паричен надоместок на привремено безработните лица во време за кое се плаќа придонесот за здравствено осигурување.

Ако во времето кога се плаќа придонесот за здравствено осигурување основицата не може да се определи на начин утврден во претходниот став бидејќи не се исплатува надомест на привремено безработни лица, како основица за пресметување на придонесот служи основицата по која последен пат е пресметан придонесот за здравствено осигурување.

Член 4

За лица кои работат по договор за дело ќе се плаќа придонес за здравствено осигурување за случај несреќа на работа по стапка од 1% од исплатениот надомест.

Член 5

Придонесите ги пресметуваат и плаќаат обврзниците на начин утврден со закон, актите на Заедницата на здравството и здравственото осигурување на работниците — Кочани и другите акти на Заедницата.

Член 6

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 1628 од 26. XII. 1974 година.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува од 1 јануари 1980 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 0101-106
28 февруари 1980 година
Кочани

Претседател,
**Кољо Каров,** с. р.

---

**153.**

Врз основа на член 9 точка 6 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ", бр. 5/74) и член 200 точка 5 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кочани, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кочани, на седницата на соборите на делегатите — земјоделци корисници на услугите и делегатите даватели на услугите, одржана на 28 февруари 1980 година донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД КАТАСТАРСКИОТ ДОХОД НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1980 ГОДИНА

I

Придонес за здравствено осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита за 1980 година земјоделците ќе плаќаат:

1. 8,50% од основицата што ја сочинува катастарскиот приход од кој:

а) 6,50% за задолжителни видови на здравствена заштита;

б) 2% за правата од здравствената заштита што самостојно ја утврдува Собранието на Заедницата на здравството и здравственото осигурување.

2. По 60,00 динари по член на семејство од кои:

а) 45,00 динари за задолжителни видови на здравствена заштита;

б) 15,00 динари за правата од здравствената заштита што самостојно ги утврдува Собранието на Заедницата на здравството и здравственото осигурување.

3. По 300,00 динари од член за лица кои немаат своја сопствена земја, а се занимаваат со земјоделство, од кои:

а) 250,00 динари за задолжителни видови на здравствена заштита;

б) 50,00 динари за правата што самостојно ги утврдува Собранието на Заедницата на здравството и здравственото осигурување.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1980 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 0101-107
28 февруари 1980 година
Кочани

Претседател,
**Кољо Каров,** с. р.

---

**154.**

Врз основа на член 23 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението, член 21 и 201 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кочани, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, на седницата на Соборот на делегатите работници — корисници на услугите, одржана на 28 февруари 1980 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ СЕ СМЕТА ДЕКА ОСИГУРЕНИКОТ ГИ ИЗДРЖУВА ЧЛЕНОВИТЕ НА ПОШИРОКОТО СЕМЕЈСТВО И ДЕКА ЧЛЕНОТ НА СЕМЕЈСТВОТО НЕМА СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ ДОВОЛНИ ЗА ИЗДРЖУВАЊЕ

Член 1

Со оваа одлука се определуваат условите под кои се смета дека осигуреникот ги издржува членовите на поширокото семејство и другите лица што се осигурени според одредбите на Законот за здравствено осигурување и Статутот на Заедницата, како и условите под кои се смета дека издржуваните лица немаат сопствени приходи за издржување.

Член 2

Се смета дека осигуреникот ги издржува членовите на поширокото семејство ако тие живеат со него во заедничко домаќинство и немаат сопствени приходи доволни за издржување предвидени со оваа одлука.

Член 3

Се смета дека издржуваните членови кои живеат во заедничко домаќинство со осигуреникот, немаат сопствени приходи доволни за издржување, доколку нивниот катастарски приход од земјоделство не го надминува износот од 1.500,00 динари годишно или ако другите приходи не го надминуваат износот од 200,00 динари месечно или ако катастарскиот приход и другите приходи заедно не го надминуваат износот од 2.400,00 динари годишно по едно издржувано лице.

Член 4

Членот на поширокото семејство кој не живее во заедничко домаќинство со осигуреникот се смета за издржувано лице, ако неговите сопствени приходи не ги надминуваат износите предвидени со членот 3 од оваа одлука и ако осигуреникот учествува во трошоците на неговата издржувачка со најмалку 600,00 динари месечно.

Член 5

Се смета дека децатаземени на издржување немаат сопствени приходи доволни за издржување ако нивните приходи односно приходите на нивните родители по член на домаќинство не ги надминуваат износите предвидени со членот 3 од оваа одлука.

Член 6

Како приходи во смисла на член 3 од оваа одлука не се сметаат приходите по основ на инвалиднина за телесно оштетување и додатокот за помош и нега што се обезбедува според прописите од инвалидското осигурување, како и другите примања на издржуваното лице за кои според посебни прописи, со кои се установуваат одделни примања, изречно е утврдено дека не се земаат предвид при утврдувањето на имотната состојба на домаќинството.

Член 7

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи истоимената одлука број 261 од 11 II. 1977 година.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1980 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 0101-108
28 февруари 1980 година
Кочани

Претседател,
**Кољо Каров,** с. р.

---

**155.**

Врз основа на член 201 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кочани, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, на седницата на Соборот на делегатите работници — корисници на услугите, одржана на 28 февруари 1980 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ЛИЧЕН ДОХОД ЗА ВРЕМЕ НА ПРИВРЕМЕНА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на надоместокот на личен доход што се исплатува на товар на средствата на Заедницата за време на привремена спреченост за работа, предизвикана од болест, несреќа на работа и професионални заболување за време на бременост и породување, поради нега на заболен член од потесното семејство, за одреден придружник на заболен член од потесното семејство, како и во случај на спреченост за работа за првите 30 дена кога надоместокот за личен доход се остварува на товар на средствата на приватниот работодавец.

Член 2

Висината на надоместокот за личен доход за време на привремената спреченост за работа предизвикана од болест што се исплатува на товар на средствата на заедницата, во случај кога осигуреникот го исполнува условот на претходното осигурување, изнесува:

— 90% од основот за надоместок за време од 31-от до 60-от ден на спреченост за работа;

— 95% од основот за надоместок над 61-от ден сè додека трае спреченоста за работа.

Член 3

Висината на надоместокот на личниот доход за време на привремена спреченост за работа на осигурениците кои не го исполнуваат условот на претходното осигурување изнесува:

— 70% од основот за надоместок за времето од 31-от до 60-от ден;

— 90% од основот за надоместок за времето над 61-от ден сè додека трае спреченоста за работа.

Член 4

Висината на надоместокот на личниот доход за време на привремената спреченост за работа поради несреќа на работа, заболување од професионални болести и поради бременост, породување и хранење на дете до 12 месеци изнесува 100% од основот за надоместок.

Член 5

Висината на надоместокот на личниот доход за време на привремена спреченост за работа поради нега на заболен член од потесното семејство или одреден за придружник на заболениот член на потесното семејство изнесува 80% од основот за надоместок.

Член 6

Висината на надоместокот на личен доход за време на привремена спреченост за работа за првите 30 дена кога надоместокот се исплатува на товар на средствата на приватниот работодавец изнесува:

— 80% од основот за надоместок на осигурениците кои го исполнуваат условот на претходното осигурување;

— 70% од основот на осигурениците кои не го исполнуваат условот на претходното осигурување.

Член 7

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи истоимената одлука број 310 од 23. II. 1977 година.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила и ќе се применува со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 0101-109
28 февруари 1980 година
Кочани

Претседател,
**Кољо Каров,** с. р.

---

**156.**

Врз основа на член 82 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кочани („Службен весник на СРМ" бр. 34/76) и член 22 точка 11 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кочани, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, на седницата на Соборот на делегатите работници — корисници на услугите, одржана на 28 февруари 1980 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПРЕВОЗ, ИСХРАНА И СМЕСТУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ЗА ВРЕМЕ НА ПАТУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ ВО ДРУГО МЕСТО ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Член 1

За остварувањето на здравствената заштита надвор од подрачјето на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кочани, осигурените лица имаат право да ги користат следните средства на јавниот сообраќај: автобус во патниот и втора класа воз во железничкиот сообраќај.

За извршеното патување на начин одреден во претходниот став на име трошоци за превоз на осигурените лица им се исплатува износ во висина на стварните трошоци, и тоа за извршениот превоз по најкусата релација.

Член 2

Надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита на осигурените лица изнесува:

1. ако се упатува во места на територијата на СРМ, 120,00 динари;

2. ако се упатува во места надвор од територијата на СРМ, 170,00 динари.

Висината на надоместокот за осигурените лица до наполнета 10 годишна возраст изнесува 50% од износите утврдени во смисла на претходниот став.

Член 3

Надоместокот на трошоците за исхрана и сместување од член 2 на оваа одлука се исплатува во полн износ во случај кога патувањето и престојот трае повеќе од 12 часа.

Кога патувањето и престојот трае повеќе од 8, а помалку од 12 часа се исплатува 50% од надоместокот.

Кога патувањето и престојот трае помалку од 8 часа, надоместокот на трошоците за исхрана не се исплатува.

Член 4

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 0201-172 од 6. II. 1979 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила и ќе се применува од денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 0101-110
28 февруари 1980 година
Кочани

Претседател,
**Кољо Каров**, с. р.

---

**157.**

Врз основа на член 90 став 1 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кочани („Службен весник на СРМ", бр. 34/76) и член 22 точка 11 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кочани, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, на седницата на Соборот на делегатите работници — корисници на услугите, одржана на 28 февруари 1980 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП НА ОСИГУРЕНО ЛИЦЕ

Член 1

Висината на надоместокот на трошоците за закоп на осигурено лице изнесува:

1. во случај на смрт на осигурено лице до 1 годишна возраст — 810,00 динари;

2. во случај на смрт на осигурено лице од 1—7 годишна возраст — 1.300,00 динари;

3. во случај на смрт на осигурено лице од 7—14 годишна возраст — 1.800,00 динари;

4. во случај на смрт на осигурено лице над 14 годишна возраст — 2.300,00 динари.

Член 2

Надоместокот на трошоците за закоп за осигурено лице, кое умрело и е закопано на подрачјето на друга општинска заедница на здравството и здравственото осигурување, се исплатува според одлука на односната заедница, доколку таа е поповолна за него.

Член 3

Во случај на смрт на осигуреникот на членовите на неговото семејство кој ги издржувал до својата смрт им се исплатува посмртна помош во висина на едномесечен личен доход остварен во претходната година, односно во висина од едномесечен износ на пензијата.

Член 4

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи истоимената одлука број 0201-170 од 6. II. 1979 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила и ќе се применува од денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 0101-111
28 февруари 1980 година
Кочани

Претседател,
**Кољо Каров**, с. р.

## ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — СТРУМИЦА

**158.**

Врз основа на член 52 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ", бр. 21/71), член 18 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ", бр. 5/74) и член 30 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, на седницата на Соборот на делегатите — корисници на услугите — работници, одржана на 25 февруари 1980 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ПОГРЕБНИТЕ ТРОШОЦИ И ПОСМРТНАТА ПОМОШ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината, условите за стекнување и начинот на остварување на правото на надоместокот на погребните трошоци и посмртната помош во случај на смрт на осигурено лице на Заедницата на здравството и здравственото осигурување — Струмица.

Член 2

Надоместокот на име погребни трошоци се утврдува во износ:

1) од 2.530,00 динари, во случај на смрт на осигурено лице постаро од 14 години;

2) од 1.955,00 динари, во случај на смрт на осигурено лице од 7 до 14 годишна возраст;

3) од 1.495,00 динари, во случај на смрт на осигурено лице од 1 до 7 годишна возраст;

4) од 1.035,00 динари, во случај на смрт на осигурено лице до едногодишна возраст.

Член 3

Надоместокот на погребните трошоци на осигуреното лице умрено и закопано надвор од местото на постојаното живеење се определува и исплатува во висина на надоместокот определен според местото на закопот, ако тоа за корисникот е поповолно.

Член 4

Надоместокот на трошоците за закоп на осигуреното лице умрено за време на престој во странство се определува во висина на неопходно потребните трошоци за закоп во земјата во која осигуреното лице умрело.

Висината на неопходните трошоци за закоп од претходниот став ја оценува надлежниот орган на

Заедницата, земајќи го предвид прибавеното мислење за тоа од дипломатско-конзуларното претставништво на СФРЈ во таа земја.

Член 5

На членовите на семејствата на умрениот осигуреник им припаѓа посмртна помош во едномесечен износ, под условите и износите предвидени во Статутот.

Член 6

Надоместокот на погребните трошоци се исплатува на лицата кои го извршиле закопот на осигуреното лице, врз основа на изводот од матичната книга на умрените и здравствената легитимација на умреното осигурено лице.

Посмртната помош во случај на смрт на осигуреникот се исплатува на најстариот член на семејството којшто го издржувал осигуреникот до неговата смрт.

Член 7

Барањето за исплата на надоместокот на погребните трошоци и посмртната помош стасува на денот на смртта на осигуреното лице.

Член 8

Надоместокот по оваа одлука ќе се исплатува за осигурените случаи што ќе настанат по нејзината примена.

Член 9

Со денот на применувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за висината на надоместокот на погребните трошоци и посмртната помош на осигурените лица („Службен весник на СРМ", бр. 13/79).

Член 10

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 март 1980 година.

Бр. 02-397/1
25 февруари 1980 година
Струмица

Претседател
**Илија Петров,** с. р.

**159.**

Врз основа на член 51 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ", бр. 21/71), член 18 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ", бр. 5/74) и член 30 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, на седницата на Соборот на делегатите — корисници на услугите — работници, одржана на 25 февруари 1980 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВИСИНАТА НА ПОМОШТА ЗА СПРЕМА НА СЕКОЕ НОВОРОДЕНО ДЕТЕ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината, условите за стекнување и начинот на остварувањето правото за спрема на секое новородено дете, која припаѓа на осигуреникот на Заедницата на здравството и здравственото осигурување — Струмица.

Член 2

Висината на помошта за спрема на секое новородено дете се утврдува во паушален износ за секое новородено дете по 460,00 динари.

Член 3

Помош за спрема на новородено дете се исплатува кај Стручната служба на Заедницата со поднесок:

1. за исплата пред породувањето — оценка од лекарот-гинеколог дека породувањето ќе уследи во рок од 1 месец од денот на оценката;

2. за исплата по породувањето — извод од матичната книга на родените;

3. доказ за усвоено дете и доказ дека за тоа дете помош не е исплатена.

Член 4

Надоместокот по оваа одлука ќе се исплатува за осигурените случаи што ќе настанат по нејзината примена.

Член 5

Со денот на применувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за висината на помошта за спрема на секое новородено дете („Службен весник на СРМ", бр. 13/79).

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 март 1980 година.

Бр. 02-398/1
25 февруари 1980 година
Струмица

Претседател
**Илија Петров,** с. р.

**160.**

Врз основа на член 205 точка 6 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, на заедничка седница на Соборот на делегатите земјоделци — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од организациите на здружен труд во здравството — даватели на услугите, на седницата одржана на 25 февруари 1980 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ ОД КАТАСТАРСКИОТ ПРИХОД И ПАУШАЛНИОТ ПРИДОНЕС ПО ЧЛЕН НА ДОМАЌИНСТВО И ПО ДОМАЌИНСТВО ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ — СТРУМИЦА ЗА 1980 ГОДИНА

I

Стапките на придонесот за здравствено осигурување на земјоделците во 1980 година се определуваат:

а) од катастарскиот приход, во висина од 12%;

б) по член на домаќинство што е здравствено осигурен по закон, по 150,00 динари;

в) паушал по домаќинство на лица кои немаат сопствена земја, а се занимаваат со земјоделство и лица кои земаат земја под закуп, односно лица над 15 годишна возраст на чие име не се води сопствена земја, а се здравствено осигурени, по 250,00 динари.

Придонесот од претходните точки се распоредува:

— за придонес за задолжителни видови ќе се пресметува на катастарскиот приход по стапка од 9%;

— за останатите права за здравствено осигурување на катастарскиот приход, од 3%;

— по член на домаќинство за задолжителните видови, 110,00 динари;

— за останатите права од здравственото осигурување, по 40,00 динари;

— придонес од паушал по домаќинство за лица кои немаат сопствена земја, односно лица над 15 годишна возраст, за задолжителни видови, по 190,00 динари;

— за останатите права на здравственото осигурување, по 60,00 динари.

II

Придонесите ќе се пресметуваат и наплатуваат од обврзниците на начин определен со Законот за придонеси и даноци на граѓаните, како и другите акти донесени од страна на Собранието на Заедницата.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1980 година, истата ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-392/1
25 февруари 1980 година
Струмица

Претседател
**Илија Петров,** с. р.

**161.**

Врз основа на член 25 став 5 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ", бр. 5/74), а во врска со член 28 став 1 точка 5 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, на седницата на Соборот на делегатите работници — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од здружениот труд во здравството даватели на услугите, одржана на 25 февруари 1980 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦИТЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ВРАБОТЕНИ КАЈ ПРИВАТНИТЕ РАБОТОДАВЦИ ЗА 1980 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат основиците за пресметување и плаќање на придонес за здравствено осигурување и правата од здравственото осигурување за лица вработени кај приватните работодавци на подрачјето на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, а за кои со Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување не се утврдени основици.

Член 2

Основица за пресметување и плаќање на придонес за здравствено осигурување и за утврдување на правата од ова осигурување на лицата вработени кај приватните работодавци претставува договорениот личен доход меѓу приватниот работодавец и работникот, кој што не може да биде помал од:

— за неквалификувани работници — 2.645,00 динари,
— за полуквалификувани работници — 3.040,00 динари,
— за квалификувани работници — 3.500,00 динари,
— за висококвалификувани работници — 4.025,00 динари,
— за домашни помошнички — 2.645,00 динари.

Член 3

За учениците во училиштата за средно образование за одделни занимања кои покрај училишната изведуваат и практична настава во организација на здружен труд или кај приватен работодавец, основица за остварување правото од здравственото осигурување и за плаќање на придонес за здравственото осигурување претставува наградата што ја прима, а која не може да биде помала од:

— за учениците од I година — 450,00 динари,
— за учениците од II година — 700,00 динари,
— за учениците од III година — 950,00 динари,
— за учениците од IV година — 1.200,00 динари.

Член 4

Придонесите што ќе се пресметуваат и плаќаат по основиците утврдени во член 2 и 3 од оваа одлука ќе се пресметуваат месечно наназад, сметајќи од денот на осигурувањето по 1/30-тина.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на основиците за пресметување и плаќање на придонес за здравственото осигурување на лицата вработени кај приватните работодавци, објавена во („Службен весник на СРМ", бр. 13/79).

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 март 1980 година.

Бр. 02-394/1
25 февруари 1980 година
Струмица

Претседател
**Илија Петров,** с. р.

## СОДРЖИНА

Страна

77. Правилник за реонизација на лозарските подрачја, за условите на производството и промет на грозје, шира, вино и на производите од грозје и вино, за определување на квалитетот и заштита на географското потекло на вината и нивното означување во СР Македонија — 225

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

БИТОЛА

147. Одлука за продолжување важноста на Одлуката за придонесите за здравственото осигурување на земјоделците — — 246
148. Одлука за стапките и тарифата на придонесите за здравствено осигурување и стапката на посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство за 1980 година за осигурениците од подрачјето на општината Ресен 247
149. Одлука за стапките на придонесите за здравствено осигурување и стапките на посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство за 1980 година — — — — — — — 248

КОЧАНИ

150. Одлука за учеството на осигурените лица при поднесувањето на трошоците за користење на забно-протетички, протетички, ортотички средства и санитарни справи, очни и слушни помагала и помагала за овозможување на гласен говор — — — — — — — — — 249
151. Одлука за придонесите на здравственото осигурување што се плаќаат во постојани месечни износи за одделни категории осигуреници — — — — — — — 249

СООПШТЕНИЕ

Се наоѓа во печат ново издание на збирката

# ЗАКОН ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

**СО ОБЈАСНУВАЊА И СУДСКА ПРАКТИКА И СО ОБРАСЦИ**

**— ВТОРО ИЗМЕНЕТО И ДОПОЛНЕТО ИЗДАНИЕ —**

Второто издание на Збирката ќе содржи: Закон за работните односи, објаснувања кон членовите на Законот, обрасци и примери на одлуки, решенија и други акти од областа на работните односи, пример на Самоуправна спогодба (правилник) за работните односи на работниците во основните организации на здружениот труд и работните заедници, одредби за работните односи од Законот за здружениот труд (глава IV и V).

Во ова второ издание се дадени дополнителни објаснувања и упатства за примена на Законот за работните односи. Се проширени објаснувањата кон одделните членови и се поткрепени со ставовите на Уставниот суд на Македонија и на судовите на здружениот труд, се укажува и на другите ставови за одделни прашања. На тој начин несомнено се проширува значењето на објаснувањата и упатствата за примена на Законот.

Содржината на збирката е дополнета со Законот за приправниците на кој се дадени објаснувања, примери на одлуки и решенија во врска со приемот на приправници на работа и Упатството за пропишување на образецот на договорот за извршување на повремени или привремени работи (договор за дело) и образецот на договорот за работа, како прописи односно акти кои имаат непосредно врска со остварувањето на Законот за работните односи.

Збирката корисно ќе им послужи на работниците што работат во стручните служби во организациите на здружениот труд, во самоуправните организации и заедници, а кои треба да им пружат помош на работниците во одлучувањето и уредувањето на прашањата за работните односи.

Збирката ја приготвил Новак Марковски, потсекретар во Републичкиот секретаријат за законодавство и организација, а рецензија и предговор проф. д-р Владимир Митков, републички секретар за законодавство и организација и Милан Хроват, член на Извршниот совет на Собранието на СРМ.

Збирката ќе излезе од печат во текот на месец јули 1980 година.

Цена 150 динари.

Парите за претплата на Збирката да се внесуваат на нашата жиро сметка 40100-603-12498 кај Службата на општественото книговодство — Скопје, а порачки да се испраќаат на: „Службен весник на СРМ" — Служба за претплата — Скопје, поштенски фах 51.



152. Одлука за стапките на придонесите за здравство и здравствено осигурување на работниците и стапката на посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство за 1980 година — 250

153. Одлука за стапката на придонесот од катастарскиот доход на земјоделците за 1980 година — — — — — — — — — 251

154. Одлука за условите под кои се смета дека осигуреникот ги издржува членовите на поширокото семејство и дека членот на семејството нема сопствени приходи доволни за издржување — — 251

155. Одлука за висината на надоместокот на личен доход за време на привремена спреченост за работа — — — — — 252

156. Одлука за износот на надоместокот на трошоците за превоз, исхрана и сместување на осигурените лица за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита — — — — — — — — 252

157. Одлука за висината на надоместокот на трошоците за закоп на осигурено лице 253

СТРУМИЦА

158. Одлука за висината на надоместокот на погребните трошоци и посмртната помош на осигурените лица — — — — — 253

159. Одлука за висината на помошта за спрема на секое новородено дете — — — 254

160. Одлука за утврдување стапките на придонесот од катастарскиот приход и паушалниот придонес по член на домаќинство и по домаќинство за здравствено осигурување на земјоделците — Струмица за 1980 година — — — — — — 254

161. Одлука за утврдување на основиците за пресметување и плаќање на придонес за здравственото осигурување на лица вработени кај приватните работодавци за 1980 година — — — — — — — 255


Издавач: Работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 228-204. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје